Универзитет "Св.Кирил и Методиј"

Филозофски факултет

Институт за историја

# ВАСИЛИЈ I МАКЕДОНЕЦ – ЖИВОТ И ДЕЛО

( Магистерски труд )



Ментор:
проф.д-р Александар Атанасовски

Изработил:
Весна Тодоровска
2583

Скопје 2012

# Вовед

За историјата на византиската империја многу е истражувано и многу е пишувано. Историчарите своите тврдења ги базирале на фактите кои ги пронаоѓале во изворите.  Изворите значајни за времето од конечниот пад на иконоборството до изумирањето и на последните женски наследници на Василиј, биле непосредно поврзани со особините на времето во кое настанале, следејќи ги основните ставови на своето доба и околина. Затоа и кон објаснувањето на вестите на писателот треба да се пристапи со големо внимание и со споредување на различни автори, секако ако е тоа можно. Скоро целокупниот пишан изворен материјал спаѓа во групата на литерарни или наративни извори, чија внатрешна структура е многу посложена, а обработката често попотребна од документираниот материјал кој останал сочуван, и тоа само во ретки случаи, од тоа време и се однесува главно на различни синодски одлуки.

Една од појдовните точки за разбирање на новиот дух кој за време на македонската династија го променил царството, била временската блискост помеѓу воспоставувањето на почитувањето на иконите и освојувањето на власта од Василиј Македонецот. Двете случки не биле меѓусебно условени и поврзани на посреден начин, туку претставувале јасна пресвртница во византиската историја. Отстранувањето на иконоборството и владеењето на Василиј биле заеднички причинители на севкупната „обнова“ на Царството (renovatio imperii), која се отчитувала во развојот на сите облици на интелектуална дејност во „ренесансата на Македонците“.[1]

Еден вид ослободување на духот, кој уследил по триумфот на иконофилите, доаѓа до својот блескав израз во деветтиот век, кога уште на примерите на учените од редовите на иконоборците (Лав Математичар, Јован Граматик), стануваме свесни за трајноста на образованието, кое се развило и од царевите иконоборци. Најголемиот ум на големиот век на обновата, Фотиј, претставува само врв на една учена елита, која била на страната на почитувачите на иконите, и кој наскоро ќе ја има приликата да ја потврди својата интелектуална и политичка вештина. Духот на

[1] Станковић Влада, Цариградски патријарски и цареви македонске династије, Београд 2003, 12.

обновата не го претставувал само идниот цариградски патријарх, туку се работело за еден поширок круг во кој биле поврзани повеќе генерации, како со желбата за знаење и учење која ја делеле, така и со заедничките интереси, пријателски и роднински врски. Токму од тој круг на престижниот кружок ни останале њјамногу вредни сведоштва од деветиот век. Требало да се почека еден век за да се создаде одредена историска дистанца, за да историчарите од опкружувањето на Порфирогенит, кои земајќи ги последните години од хрониката на Теофан за свој почеток, уште еднаш ќе ги дополнат изворите од деветтиот век. Историографијата од времето на Порфирогенит, поттикната од династички причини на василевсот, ќе ни донесат повеќе податоци за Македонците, иако главна цел била нивно величење. Но, тоа било процес кој ќе созрее дури во половината на десеттиот век.

Во втората половина на деветиот век, кој го одбележиле Василиј, Фотиј и Игнатиј, големо значење имаат одлуките од неколку црковни собори кои биле одржани во Цариград. Тие претставуваат најзначаен извор за односите помеѓу царот и патријархот, за борбата внатре во цариградската црква и нејзините односи со Рим. Од друга страна, помеѓу различните текстови, најважни се секако житијата и писмата, заедно со различни говори и пофални слова, во чии редови можат да се најдат цели политички програми или животни патеки. На крајот треба да се споменат и закониците на двата први цареви на македонската динатија – Прохирон и Епанагога на Василиј I и Василиките на Лав VI кои сведочат за развојот на византиското општество.

Периодот кој тука ќе го разгледуваме, доаѓањето на сцена на македонската династија е, би рекле, фрагментарно споменуван од историчарите. Како се доближуваме до сегашноста, истражувачите чувствувале се помалку смелост да се впуштат во потфатот да пишуваат монографија за одредени цареви. Еден од пионерите во оваа област бил Алберт Вогт кој ја составил, до сега единствената монографија посветена на Василиј I, во почетокот на минатиот век. За жал не бевме во можност да се послужиме со ова значајно, за нас, дело.

Значаен истражувач кој го истражувал животниот пат на Василиј Македонецот бил Шарл Дил чии „Византиски слики“ исполнети со духовни и уметнички есеи ни го прикажуваат патешествието до престолот. Основачот на

Руски археолошки институт во Цариград, Фјодор И. Успенски бил еден од најплодните византолози, кој ја дал една од најголемите синтези на византиската историја „История византийской империи“, која излегувала во неколку наврати во првата половина на минатиот век. Истражувач со широки погледи и вонредни знаења, остроумен и критичен, Џон Б. Бјури го удрил темелот на модерната византологија. Неговите дела од почетокот на минатиот век: A History of the Eastern Roman Empire и The Imperial Administrative System in the Ninth Centory се многу значајни за нашето истражување. Значајни византолози од нашето соседство, кои многу допринеле за развојот на византологијата во нивните земји и пошироко се: Васил Златарски од Бугарија и Георги Острогорски од тогашната Југославија. Нивните дела се вистински учебници за византолозите од Балканот. Истражувач кој пишува за географските одредници во територијалниот опфат на Македонија низ вековите е Петар Коледаров во неговата „ Името Македония в историческата география“. Современ византолог кој го истражувал токму периодот за кој ние се интересираме е Влада Станковиħ кој со своите „Цариградски патријарси и цареви македонски динстије“ ни дава една целосна синтеза на односите помеѓу световната и црковната власт и нивната взаемна зависност.

Работата на византологијата поврзана со меѓународната соработка, тешко била нарушувана со светските војни. Но, постепено тие последици се отстранувале и научната активност се одвивала. Покрај интензивната истражувачка работа и објавувањето на изворите, овој полет дојде до видлив израз во основањето на нови стручни списанија и нови византолошки истражувачки центри, како и во одржувањето меѓународни византолошки конгреси. Рускиот „Византийский временик“ е неодминлив дел за секој истражувач. Меѓу поновите византолошки центри, најголем и најзначаен е Институтот Dumbarton Oaks во Вашингтон со неговите содржајни Dumbarton Oaks Papers. За Балканот се особено важни „Зборник радова византолошког института“ од Белград каде се разгледувани многубројни аспекти од односите на народите од овој регион. Изворните податоци кои се поврзани со Балканот се разработени во сериите на „Византиски извори за историју народа Југославије“ издадени во Белград и „Извори за Българската История“ од Софија. За жал, Македонија може да се пофали само со списанијата

„Историја“ при Филозофскиот факултет и „Гласник“ на Институтот за Историја, каде што можат да се најдат истражувањата и толкувањата на нашите историчари. Единствено списание со меѓународна редакција е Macedonian Histrorical Review, чиј прв број излезе во 2010 год., исто така при Филозофскиот Факултет.Во ова меѓународно списание освен истражувања на македонските историчари можеме да најдеме дела  на историчарите од Балканот, Европа и Соединетите Американски Држави.

# I. Животниот пат на Василиј Македонецот сѐ до неговото доаѓање на престолот

Источно Римското Царство, кое е општо познато како Византија, било владеено од Македонската династија близу 200 години, или поточно од 867 до 1056 година. Нејзиниот основач, Василиј I Македонецот (867-886)[2], по кого династијата и го носи своето име Македонска, не бил со „сина “ крв, туку бил обичен селанец. Неговото потекло било од блиската тема до престолнината, темата Македонија.

## *I.1 Создавање на тема „Македонија“ во областа Тракија*

Потеклото на Василиј Македонецот е причината поради која ние се зафативме за да ја одгатнеме загатката за епитетот на династијата: дали постои поврзаност помеѓу населението кое ја населувало темата Македонија и нејзиното име.

Тематското уредување во Византија се јавува од почетокот на VII-от век, поточно од владеењето на царот Ираклиј (610-641)[3]. Во тешките години кога аварско-словенската наезда се ширела на Балканот, а персиската по Предна и Мала Азија, во Византија започнува процес на консолидирење и внатрешно јакнење. Во малоазиските покраини кои не му подлегнале на непријателот се создаваат воени окрузи – теми, кои претставуваат управни единици од воен карактер. Зборот „тема“ (θέμα) значел воен одред, а потоа почнал да се употребува и за воено-административните окрузи, што јасно го открива начинот на кој настанало новото уредување.[4] Тоа настанало со населување на воените одреди – „теми“ по новосоздадените окрузи и оттаму и самите окрузи почнале да се нарекуваат теми. Тоа не биле само управни единици туку и територии за населување на војниците (стратиоти), на кои им се доделувале земјишни поседи, со обврска да вршат воена служба. Темите биле предводени од воени командатни – стратези, кои во нив ја

[2] Острогорски Георги, Историја на Византија, Скопје 1992, 286.
[3] Исто, 122.
[4] Острогорски Георгија, Време постанка тематског уређења, Сабрана дела , књига треча, Београд 1970, 120.

вршеле врховната воена и цивилна власт. Изградувањето на тематската организација во оваа прва етапа останало ограничено на одредени територии на Мала Азија. Дури значително подоцна, и само постепено, Византија успеала да ја воспостави својата управа, а според тоа и да воведе тематска организација во одделни покраини на Балканскиот Полуостров, пред сè, во приморските.

Во последната четвртина на VII век империјата започнала да создава нови теми на Балканскиот полуостров. Првата била „Тракија“ (Θράκια) која била организирана околу 680 г., за време на управувањето на Константин IV (668-685)[5]. Причина било доаѓањето на Бугарите и заради поефикасна одбрана од новонастанатата бугарска држава. Тоа јасно се гледа од делото на Константин Порфирогенит „За темите“, каде изрично се кажува дека :„...Првата тема, која се наоѓа на запад во земјата на Европа се нарекува Тракија. Во неа се наоѓа и Византион, кој е и престолнина на Ромеите... Всушност тракиската тема од неодамна го доби својот статус и се нарекува тема, имено, откако племето на Бугарите ја премина реката Дунав...Провинцијата Тракија беше потчинета на хегемон (управник на провинвија)....Бугарија и самиот Истар (Дунав) и прочуената планина наречена Хемус (Балкан пл.), којашто стигнувала дури и до Понт (Црно море), се делови од Тракија но, сега повеќе не спаѓаат во неа... Инаку, откако омрзнатиот од Бога народ на Бугарите ја премина реката Дунав, тогаш и самиот цар беше принуден, поради навлегувањата на Скитите (Словените) и на самите Бугари, да ја сведе Тракија во ранг на тема и да ѝ постави стратег. Преминувањето пак на варварите преку реката Дунав се случи во крајот на царувањето на Константин Погонат...“.[6]

Десетина години подоцна, за време на првото владеење на Јустинијан II (685-695; 705-711)[7] формирана била и темата „Елада“ (Ἑλλάς). Таа ја опфаќала Средна Грција, островот Евбеја и источното крајбрежје на Пелопонез.[8] Јустинијан II создал основа за воено-управна организација во областа Стримон, населувајќи таму словенски војници. Областа на Стримон во овој период не била тема, туку

---

[5] Острогорски Г., Историја на Византија, 160.
[6] Constantino Porfirogenito, De Tematibus, a cura di A. Pertusi, citta del Vaticano 1952, 25; ГИБИ т.V, Софија 1964, 192-193.
[7] Острогорски Г., Историја на Византија, 167.
[8] Острогорски Георги, Постанак тема Хелада и Пелопонез, ЗРВИ 1, Београд 1952, 64.

гранична област – клисура.[9] Најголем дел од балканската територија и натаму останал надвор од византиската власт наоѓајќи се во рацете на Бугарите и на одделни словенски племиња, без оглед дали тие го признавале византискиот суверенитет или не.

Тракија и Елада биле единствените теми што Византија ги имала на Балканот од крајот на VII век и мошне долго во тоа немало никакви промени. Ако сакаме да знаеме кои области навистина и припаѓале на Византија, не само формално да го признаваат нејзиниот суверенитет, туку и фактички да подлежат на нејзината управна власт, можеме да утврдиме единствено со тоа до каде се простира византиската тематска организација. Тоа е единствено сигурно мерило за реалните односи. Каде што постоела византиска управна власт, постои и тематско уредување. Каде што нема теми, нема ни вистинска византиска власт.

Случувањата кои се одиграле во последното десетлетие на VIII век, јасно покажале дека постоечката тема Тракија не била доволна за да се справи успешно со Бугарија и нејзините сојузници, Склавиниите. Очигледно, во градациајта на превземените одбранбени мерки за одбрана на територијата која била во најголема опасност – Тракија, била создадена темата „Македонија“ (Μάκεδονια) со центар во Адријанопол (дн.Одрин).[10] Без сомнение, нејзиното создавање било потребно заедно со старата тема во таа област, Тракија, да ја осигураат престолнината од страната на Бугарија.

За темата Македонија пишува Константин Порфирогенит во своето дело „За темите“: „Земјата Македонија го добила своето име по Македон, син на Зевс и Тија....Царевите на Македонија се нарекувале потомци на Херакле, оној бикојадец и лавоубиец Херакле...Наместо со ленти, круна и царски пурпур си ја покривале глвата со кожа од лавовска глава – неа ја сметале за круна и украсување и со неа се кителе повеќе отколку со секакви скапоцени камења и бисери....Македонското царство започнало да зајакнува од третиот син на Херакле, наречен Каран, било засилено од Филип, таткото на Александар, станало големо и огромно, што го достигнало крајот на земјата под Александар и неговите наследници. Тоа

[9] Поопширно кај Рајковић М., Област Стримона и тема Стримон, ЗРВИ 5, Београд 1958, 3.
[10] Коледаров Ст. Петар, Името Македония в историческата география, София 1985, 55.

престанало да постои под Персеј и го загубило достоинството на царство. Зошто Персеј бил победен од римскиот военоначалник, проконзулот Емилиј, заробен со жената и децата и однесен во Рим окован, заедно со сите знаци на царството на Македонците. Така Македонија од царство се претворила во провинција, а сега стигнала во положба на тема и стратегија".[11] Споменувањето во текстот на некои општопознати моменти од историјата на Македонија, не треба да се објаснува само со користење, односно повикување на античките писатели, туку и заради постоењето на традицијата, според која, славата на античка Македонија, продолжува да живее и во средниот век, иако таа како независна држава повеќе не постоела.[12]

Територијалниот опфат на темата Македонија бил во зависност од промените на византиско-бугарската граница и развојот на воено-административното управување на Империјата во тој дел од Полуостровот. За создавање на темата Македонија биле одделени западните предели на првата балканска тема Тракија, а биле и додадени и териториите населени со Словени, над кои Империјата успеала да ја воспостави својата власт за време на кампањите за „реконквистата" во втората половина на VIII век.

Темата Тракија во тој период била сведена во рамките на древната провинција Европа: околината на Цариград до тврдините Визија (дн. Виза) и Аркадиопол (Лулебургас).[13] По правило стратегот бил во истото седиште со владиката, а Хераклеа е седиштето на митрополитот на епархијата Европа.[14] Новообразуваната тема Македонија ги опфаќала земјите на североисток од темата Тракија и на запад од Црноморскиот брег, со долниот тек на р.Марица, како и Родопите со Беломорската (Егејската) низина. Во неа влегувале, освен седиштето, Адријанопол (дн.Одрин)[15] и големите градови по Црноморието (Месемврија - Несебар, Анхијал - Поморије, Созопол и Агатопол), и по долината на р.Марица

[11] Constantino Porfirogenito, De Tematibus, 29; ГИБИ т.V, 195 - 196.
[12] Меловски Христо, Проева Наде, Македонија во делото De Thematibus на Константин VII Порфирогенит, сп. Жива Антика 37, Скопје 1988, 21.
[13] Ангелов Димитър, История на Византия, т. II, София 1969, 49.
[14] Види: епархиските списоци во ГИБИ, т. IV, 148-165.
[15] ГИБИ, т.VII, 194-195.

(Филипопол - Пловдив, Трајанопул - Александруполис).[16] Во наредниот период темата Македонија претрпувала промени само во северниот и западниот предел, додека на југ постојано граничела со тема Тракија, а на исток со Црното Море.




*Византиско тематско уредување на Балканот VII-XI век*

[16] Коледаров П., Името Македония..., 65.

Најраното споменување на новата тема го среќаваме кај Теофан Исповедник во неговата Хронографија од втората половина на VIII век. Известувањето се однесува за 802 год: „...Во таа година патриција Аециј, којшто се ослободил од (својот соперник, патриција и логотет на дрома) Ставрикиј и се успокоил, направил обид да ја префрли својата врховна власт на својот брат (Лав), кој го направил и монострагег (μονοστράτηγος) на Тракија и Македонија, а тој само ги зел пограничните теми Анатоликон и Опсикион...“.[17] Истото известување го среќаваме и кај Ј. Зонара.[18] Врз основа на овие соопштенија за темата Македонија, истражувачите на овој проблем сè имаат согласено дека таа е создадена пред 802 год.[19] Очигледно за да се обединат под еден стратег двете теми, тие требало предходно да постојат одделно. Според тоа, 802 год. е бесспорно terminus ante quem. Потешко е прашањето за определување на terminus post quem.

Истражувачот П. Лемерл кажува дека во 789 г. стратегот на Тракија Филит војувал и ја нашол својата смрт од бугарските војски во областа на Струма. Походот не бил воден од стратегот на темата Македонија. Доколку во тоа време, во дадениот реон, постоела друга тема освен Тракија, воената задача во долината на р. Струма би му припаднала на стратегот на најблиската воена единаца. Затоа Лемерл заклучува дека темата Македонија е создадена помеѓу 789 и 802 г.[20]

Според П. Коледаров terminus post quem може да се постави и подоцна од 789 г. Хронографот Теофан соопштува и помали одбранбени дејствија – создавањето на Бероја, Анхијал и Маркели (пред 792 г.) и не би пропуштил да спомене таква значајна реформа и секако би споменал учество на еден стратег од новата тема Македонија и во походите на Константин VI (790-797)[21] против Бугарија. Затоа Коледаров смета дека е правилно создавањето на темата Македонија да се препише на императорката Ирина, и тоа во периодот на нејзиното самостојно управување помеѓу 797 и 802 год. Организирањето на тема Македонија

---

[17] ГИБИ, т. III, 278.
[18] ГИБИ, т. VII , 161.
[19] Lemerle P., Philippes et la Macédonie orientale à l'époque chrétienne et Byzantine, Paris 1945, 122; Коледаров П. , Името Македония в историческата география, 55; Острогорски Г., Историја на Византија, 234.
[20] Lemerle P., Philippes..., 122.
[21] Острогорски Г., Историја на Византија, 226.

е уште една сериозна стапка во системот од мерки за одбрана, против Бугарија, по неуспешните кампањи помеѓу 791 и 796 год. на нејзиниот син Конастантин VI.

Може да се допушти дека создавањето на темата Македонија се случило по паскалните обреди во 799 г. Ако таа веќе постоела, нејзиниот стратег би бил споменат во свитата на Ирина, бидејќи, за нејзин стратег императорката би поставила свое доверливо лице. [22]

Гардата во престолнината се состоела од четири воени единици, наречени тагми (τάγματα), кои се пополнувале со војници од темите Тракија и Македонија.[23] Од тоа произлегува важноста на тие две теми во военоадминистративното уредување на Византија, а како територијално најблиски до престолнината – и за лична сигурност на владетелот. По се изгледа дека, по создавањето, темата Македонија се искачила пред Тракезијската тема. Според тоа ако темата Македонија била создадена пред пасхалните обреди во 799 г., нејзиниот стратег би бил во свитата на императорката, во кругот на нејзините најдоверливи луѓе – помеѓу четворицата патриции, придружувајќи ја во свеченото излегување од храмот на „Св. Апостоли". Тие се наброени од хронографот Теофан: стратег на тема Тракезион - Вардан, стратег на тема Тракија - Сисиниј, доместици на схолата Никита и Константин Боила.[24] Според досега искажаното може да се заклучи дека создавањето на темата Македонија било помеѓу 799 и 802 год., во секој случај за време на самостојното владеење на императорката Ирина.[25]

Бессомнено, темата Македонија спаѓа во браникот на одбранбениот сиситем, којшто Византија го изградила во почетокот на IX век. Набрзо се образувани неколку теми на Балканскиот Полуостров: „Пелопонез" (Πελοποννήσος) создадена најверојатно по бунтот на словенските племиња Езерци и Милинги во 805 или 807 г.;[26] „Кефалонија" (Κεφαλληνία) која ги опфаќала Јонските острови и

---

[22] Коледаров Ст. Петар, Образуване на тема „Македония" в Тракия, БАН Известия на института за история, т.21, София1970, 222.
[23] Ангелов Д., История на Византия, 43.
[24] ГИБИ, т.III, 278.
[25] Коледаров П., Образуване на тема „Македония"..., 223; Оболенски Димитри, Византискиот комонвелт – Источна Европа 500-1453, Скопје 2002, 77; Живковић Тибор, Јужни Словени под византиском влашћу, (600-1025), Београд 2002, 240.
[26] Златарски Васил, История на българската държава през средните векове, т.I, София 1994, 239, спореди: Г. Острогорски, Постанак тема Хелада и Пелопонеза, 64.

чиј стратег за прв пат се споменува во 809 г.;[27] „Солун“ (Θεσσαλονίκη) за прв пат се спомнува околу 836 г., и „Драч“ (Δυρράχιον) создадена помеѓу 845-856 г.,[28] како главни византиски упоришта на Егејско и Јадранско Море. Бидејќи неможе сосема точно да се определат нивните дати на создавање, нивното последователно изникнување и особено нивната местоположба сосема јасно ја определуваат замислата на византиските управители – „реконквиста“ на загубените балкански територии поради доминација на Словените. По вековните напори Византија успеала со свои теми да ги омеѓи речиси сите брегови на Балканскиот Полуостров. Во крајбрежните области, пристапни за нејзините приморски сили, полни со стари пристаништа и градови, таа воспоставила своја власт и свој управен систем. Но, на тоа запреле успесите на византиската реокупација: внатрешноста на Балканскиот Полуостров и натаму останал надвор од нејзиниот домет.

Сега да се навратиме на основното прашање: дали постои поврзаност помеѓу населението кое ја населувало темата Македонија во областа Тракија и името кое го добила темата. Нема место за сомневање дека името доаѓа од античката диецеза и провинција со истото име и е поврзано со преселувањето на античките Македонци. Преселувањето било предизвикано од експанзијата на Словените, затоа што донеле разрушување, главно на имотните слоеви, и општа несигурност за месното население во Македонија. Токму таа област била во составот на диецезата и провинцијата којашто продолжила и во раното византиско време да го носи името Македонија. Бегалците побарале заштита во утврдените градови, и особено онаму кадешто контролата на Империјата била значително поголема во тоа време – во југоисточниот дел на Тракија.

Главниот наплив на Словените и нивниот незадржлив протек од северозапад се насочил по долините на реките Морава и Вардар. Во крајот на VI и почетокот на VII век тие области веќе биле пословенизирани. Очигледно кога Словените се утврдиле трајно во Македонија, еден дел од месните жители од тие области бил истуркан кон исток, кон тракиските тврдини, и особено во земјите до самата престолнина на Империјата, каде побарале сигурност за имотите и својот живот.

[27] Острогорски Г., Историја на Византија, 243.
[28] Исто.

Бегалците првин оделе во Солун, а отаму Византија, за да не дојде до пренаселување во градот, ги распоредувала по островите и во Тракија, за да ги искористи како воен штит за заштита на престолнината од Словените. Најголем дел биле населени во близина на престолнината – во околината на Одрин. До нас, за жал, нема стигнато никакви конкретни податоци за размерот на преселувањето на населението од диецезата и провинцијата Македонија во Тракија. Тука можеме само да наведеме сведоштва од пишаните извори кои можат да помогнат да се откријат корените на тие миграции, предизвикани од доаѓањето и трајното населување на Словените на Балканскиот Полуостров.

Колку било намалено и проретчено населението во Македонија, Тесалија и Ахаја од крајот на VI и почетокот на VII век, дури и ако се земе во предвид дека раскажувачот се служи со хипербола, може да се суди по известувањето од „Чудата на св. Димитрија Солунски" за аваро-словенската опсада на Солун во 586 г.: „Некој би помислил дека во Солун се наоѓаат заедно сите Македонци, Тесалци и Ахајци. Но, и сите тие заедно не претставуваат ниту еден мал дел од тоа варварско мноштво, коешто го опкружуваше градот...".[29]

За обезчовечувањето на европските провинции и конкретно за Илирик и провинцијата и диецеза Македонија можеме да добиеме реална претстава и од соопштението на Прокопиј Кесариски за опустушувањето на византиските предели од Словените: „А пак Илирија и цела Тракија – од Јонското море до предградијата на Византион, а исто така и Елада и Херсонес – откако Јустинијан ја превзеде власта над Ромеите, речиси секоја година беа напаѓани од Хуни, од Словени и од Анти и тамошните луѓе трпеа ужасни страдања. Ми се чини дека погубените и заробени Ромеи беа над двесте илјади, така што таа земја почна да личи на скитска пустина".[30]

По формирањето на темата Македонија, започнува да се изместува историското име Македонија кое се пренесува на територијата на Тракија. Фактот што низ средновековието името на областа Македонија повеќе не се совпаѓа со

---

[29] Дукументи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Скопје 1981, т.I, 26;  ГИБИ, т.III, 135.

[30] Кесариски Прокопиј, Тајната Историја, Скопје 2007, 101. (Под Илирија и Тракија, Прокопиј ја подразбира големата административна поделба на диецези – диецезата Илирија ги зафаќала западните територии на Балканскиот Полуострив, а Тракија ги зафаќала источните делови.)

истоимената територија од антиката, може да се објасни единствено со масовните миграции на населението од Македонија во Тракија. Регионалните топоними се движеле заедно со населението, кое предходно ги населувало старите провинции. Тие се пренесувале на местата каде што тоа се населило. На таков начин новото живеалиште на бегалците започнало да го носи името на нивната стара татковина.

Токму самото име на темата Македонија покажува за потеклото на јадрото на војничкото население. Нема место за сомнеж дека тоа доаѓа од античката провинција и дијацеза со истото име и е поврзана со преселувањето на старите Македонци.[31] Преместувањето на населението, кое на почетокот можеби и не било војничко но, било христијанско и предано на Империјата, станала постојано спроведувана политика на Византија. Византија ги осигурувала темите со војничко население со уште една цел – да се раздроби и да се намали еднородноста на непријателски расположеното население во одредени области, кое претставувало опасност за империјата.

Целта на Византија била да ја искористи несреќата на бегалците од внатрешноста на Македонија за свои цели. Затоа, под изговор дека Солун може да биде пренселен, Византија ги населила во тврдините во Тракија (најмногу околу Одрин) и од тие преселеници создала „тема“ (воен одред) која што добила име „тема Македонија“ (македонска војска) со специјална задача да ја заштитува престолнината од варварските напади. Потоа името на воениот одред „тема Македонија“ се пренело и на територијата на која бил стациониран истиот.

Практика и одреден факт, за кој што не е потребно дополнително докажување, е дека во средновековието името на населението преминувало на триторијата каде што тоа се населувало и тие станувале еднакви по значење.[32] Од друга страна, честите означувања на населението според името на провинцијата, која што ја населуваат, не покажуваат народност (која како поим се јавила во XIX век), туку регионално потекло. Во таа смисла, на пример Прокопиј Кесариски и други писатели, споменуваат: Тракијци, Мизици, Скити, Дарданци, Македонци, Епирци и др. Соодветни означувања според административната единица добивале

[31] Коледаров П., Образуване на тема „Македония“..., 56
[32]Исто, 228.

жителите на Кападокија - Кападокијци, Исаврија - Исаврийци, Калабрија - Калабријци, Пафлагонија - Пафлагонци итн. [33]

Во поткрепа на горенаведеното е и фактот, кога ханот Крум го преселил војничкото население од темата Македонија, некаде во широките прекудунавски владенија на Бугарија, нивната нова татковина го добила истото име Македонија, затоа што протераните продолжиле себе си да се нарекуваат Македонци.

## *I.2 Патот на Василиј Македонецот до престолот*

Само околу едно десетлетие по создавањето на темата Македонија и на нејзините стратиотски поседи – во 813 г., бугарските војски, предводени од нивниот владетел ханот Крум (796-814), победоносно ја поминале нејзината територија и стигнале до Цариград. [34] Одрин бил превземен есента истата година. Последните случувања ја покажуваат проникливоста на ханот Крум и на неговите советници: напорите да ја ликвидираат темата Македонија биле да се отстрани пречката за потенцијално територијално проширување на Бугарија.

Целото население од градот Одрин и неговата околина било одведено во заробеништво и населено во „прекудунавска Бугарија“, меѓу кои биле и родителите на идниот византиски император Василиј I Македонецот. Лав Граматик ни го дава следново известување: „Тој (Василиј) се родил во Македонија, во Адријанополските села, за време на царувањето на Михаил Рангаве (811-812), таткото на патријархот Игнатиј. Во негово време Крум, владетелот на Бугарија, тргнал на поход против христијаните...Кога се насочил кон Адријанопол, го завземал и преселил оттаму 12 000 мажи, без да се бројат жените, и ги населил крај Дунав.[35] Слично известување наоѓаме и кај Продолжителот на Георги Монах: „Василиј е роден во Македонија, во Адријанополската област, за време на царувањето на Михаил Рангабе“[36] и кај Продолжувачот на Теофан: „...Биле

---

[33] ГИБИ, т.II, 116,123,129,155,156,169.
[34] Поопширно: Божилов Иван, Гюзелев Васил, История на средновековна България VII-XIV век, София 1999,126-142.
[35] ГИБИ, т.V, 155.
[36] ГИБИ, т.VI, 135.

одведени во бугарската земја и родителите на Василиј, заедно со него, кој бил уште повиван во пелени“[37].

Византиското население преселено на север било искористено од бугарската држава како воено погранично население, кое требало врз себе да ги трпи нападите на разните племиња од север. Истовремено Источна Тракија многу се изретчила. Обезчовечена, опустошена и опожарена, со изрушени тврдини, таа сега претставувала удобна широчина, преку која без поголеми препреки можело да се стигне до Цариград. Пролетта наредната година Крум повторно тргнал на Цариград но, ненадејно умрел од силен излив „во денот на Велики Четврток пред Велигден“ (14 април 814 г.).[38] Неговиот син и наследник Омуртаг со византискиот цар Лав V склучил 30-годишен мир. Мирот на Бугарија и донел значителна корист: границата минувала делејќи ја Тракија помеѓу двете договорени страни по должина, меѓу Филипопол (Пловдив) и Адријанопол (Одрин), а оттаму на север кон балканските планини.[39] Помеѓу другото било договорено и враќање на заробениците. По ова, на Балканот настапил период на подолг мир.

Очигледно голем дел од заробениците останеле во прекудунавските предели, затоа што изворите нè известуваат за уште едно враќање на истите тие „Македонци“. Бунтот кој го предизвикале тие бил причина во 836 г. да биде нарушен 30-годишниот мир помеѓу Византија и Бугарија. Известување за овој настан наоѓаме кај Лав Граматик: „Во времето на императорот Теофил, во Македонија стратилат бил Кордил. Тој имал син по име Варда, кого го оставил место него да управува со Македонците, кои биле преку реката Дунав. Самиот тој, со некаква итроштина, отишол кај Теофил[40]. Императорот радосно го примил и кога разбрал што сака, испратил кораби да ги земат Македонците и да ги донесат во престолнината...Народот заедно со жените и децата донел решение да премине во Романија (Византија)...Комесот штом го дознат тоа, ја преминал реката за да војува со нив. И тие Македонци се одделиле и ги направиле свои водачи Цанц и Кордил, и кога започнале судирите, убиле многумина, а некои и заробиле. Бугарите

[37] ГИБИ, т.V, 119.
[38] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 138.
[39] Острогорски Г., Историја на Византија, 251.
[40] Византиски император 829-842 год.

пребегнале кај Угрите и им соопштиле се за Македонците. Дошле и корабите на Императорот за да ги земат и одведат во престолнината. И тие Хуните (Угрите) веднаш се појавиле во безбројно мноштво. Кога ги виделе, Македонците со солзи почнале да викаат: „Боже на свети Адријан, помогни ни!“ и се подготвиле за судир...Тие ги прогониле. А кога се вратиле се качиле на корабите и избегале кај Императорот. Тие биле облагородени од него и се вратиле во Македонија, во својата земја“.[41] Ние располагаме со мнштво докази дека меѓу вратеното „македонско“ население биле и родителите на Василиј.[42] Продолжителот на Теофан раскажува дека идниот византиски император Василиј I Македонец, влегол меѓу ослободените како „детето Василиј“, од чие лице бликало благородство. „Кога христијанскиот народ бил пуштен да се врати во својата земја, бил одведен пред владетелот, а тој го видел детето Василиј со благородно лице, љубезно насмевнато си потскокнувало наоколу, тој го привлекол кон себе и му дал чудно големо јаболко. Детето незлобно и слободно се подпрело на колената на владетелот и преку својата невиност го погажало своето благородство, така што владетелот се зачудил, а неговата придружба од копјаници силно се возбудила“.[43] Темата „Македонија“ била закрепната со враќањето на иселеното војничко население, за повторно да биде спротивставена во идните столетија на бугарската држава.

Во врска со враќањето на Василиј во родната земја, општо е прифатено мислењето дека тој се вратил како мало дете, односно е прифатено мислењето дека тој е роден во времето на Михаил Рангаве, околу 812 год. Но, доколу се прифати дека Василиј се вратил во Македонија по бунтот зад Дунав во 836 год., како што не известува Лав Граматик, и тоа како „детето Василиј“, како што тоа го прави Продолжувачот на Теофан, тогаш би добиле една сосема нова старосна граница. Според неа, Василиј би бил роден околу 830 година кој подоцна ќе се појави во престолнината како млад горостаз. Информации во изворите не се прецизни но, ова тврдење изгледа поприфатливо и одговара со неговиот опис во изворите. Освен

[41] ГИБИ, т.V, 155-156.

[42] Види: Хрониката на Георги Монах и неговиот продолжувач(ГИБИ, т.III, 56.); Продолжувачот на Теофан (ГИБИ, т.V, 118-119); Лав Граматик (ГИБИ, т.V, 155-157); Псевдо Симеон (ГИБИ, т.V, 171-173).

[43] ГИБИ, т.V, 119.

тоа, прифатено е мислењето дека Василиј Македонецот и императорот Михаил III биле блиски по години.

За Михаил III со сигурност се знае дека е роден во околу 840 година, затоа што кога неговата мајка Теодора во 843 година го превзела регенството над својот малолетен син кога тој имал едвај три години.[44] Михаил III, според ова, почнува самостојно да владее на околу 16 години ( во 856 год.). Михаил III бил воодушевен при првата средба со Василиј[45]. Доколу се земе дека Василиј бил роден околу 830 година, значи разликата во години со Императорот била само десетина. Но, доколку се прифати старото гледиште, дека Василиј бил роден околу 813 година, разликата помеѓу нив би била огрмни триесет години. Императорот сигурно не би му се воодушевувал на некој педесетгодишен прост селанец, туку на некој млад и способен човек. А Василиј токму така е опишуван во изворите.[46]

Василиј Македонецот, кој сега доаѓа на сцена, е типичен авантурист, кој се издига од најниските околности до најголема среќа.[47] Историјата на Василиј Македонецот настанала кога неговата династија веќе била зацврстена на престолот. Неговиот внук, просветениот и начитан Константин VII Порфирогенит, дошол до идеја да ја разјасни својата генеологија. Нема ништо чудно во тоа што таа генеологија содржи многу неточности, мислејќи со тоа да се воздигне династијата, така што ќе и биде препишано високо и древно потекло. Божемното сродство со Константин I, исто како и со наводната роднинска врска со Аршакидите од Ерменија или со Александар Македонски, денес мора да се сметаат за безосновани.[48] За жал, таа тенденција се повторува во византиската литература, во делата на Продолжувачот на Тефан[49], кај Јован Скилица: „...И така тој се родил во земјата на Македонците но, потекнувал од Ерменците, од многу прочуениот род на

---

[44] Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, libri V, Bonnae 1838, 148. (електронско издание).
[45] Види подолу 24.
[46] Исто, 22-27.
[47] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire (A.D. 802-867), London 1912 (електронско издание), 165.
[48] Успенски Фјодор, Историја византиског царства, т.II, Београд 2000, 10.
[49] ГИБИ, т.V, 118.

Аршакидите...“.[50], како и кај Јован Зонара[51]. Кај сите нив се провлекува информацијата за неговото ерменско потеко, иако е роден во темата Македонија.

Додека византиските извори нѐ известуваат за неговото ерменско потекло, латинските извори само ни соопштуваат дека тој потекнува од Македонија, а при тоа нѐ не известуваат за неговото „етничко“ потекло. Арапските изври, пак, за Василиј кажуваат дека тој имал словенско потекло. Тоа се објаснува со тоа што Арабјаните византиските зборови „Македонец, Македонија“ ги преведувале на арапски со „Словени“. По се изгледа дека словенското потекло на Василиј, кое го сретнуваме во арпските извори, е резултат на неговото потекло од Македонија.[52]

Преселување на населението, од еден крај во друг, било честа појава во Византија. Византија ги осигурувала темите со војничко населние со една важна цел – да се раздроби и намали хомогеноста на непријателски расположеното население во дадена област. Во таа насока, како што нѐ уверуваат изворите, однесувањето на Империјата кон Словените било сосема исто како и кон Ерменците, затоа што двата „народа“ биле непотценувачки составен елемент од населението, а оттаму претставувале опасност за Империјата. Со размената на населението, помеѓу Балканот и Мала Азија, императорските управници постигнувале двојна цел: прво, го ослабнувале месниот етнички елемент во самата Ерменија, за да ја покорат наполно, и второ, со населувањето на воинствените Ерменци во темите Тракија и Македонија, се создава здрава преграда по северната граница против засилените напади од Словените.[53] Овие преселувања биле започнати од императорот Маврикиј (582-602), а биле продолжени од повеќе негови наследници: Јустинијан II (685-695), Константин V (741-775), Никифор I (802-811) итн.

Преселувањето на населението довело до една неочекувана но, сериозна опасност – ширење на ересите кои се појавиле во источните провинции на Империјата во близина на престолнината. Некои од византиските императори – иконоборци, на пример, наследниците на Константин V – Лав IV (775-780) и

---

[50] ГИБИ, т.VI, 238.
[51] ГИБИ, т.VII, 172.
[52] Васильев А., Происхожденіе императора Василія Македонянина, Византийскй Временикь, томь XII, Императорской Академіи Наукь, Санктпетербургь 1906, 161-163. (електронско издание)
[53] Коледаров П., Образуване на тема „Македония“..., 60.

Никифор I (802-811) и др., имале извесна трпеливост кон еретиците (монофизити и павликијани). Трпеливоста кај нив, а во одредени случаи и поддршката, може да се објасни со нивното потекло. Императорите потекнувале од источните провинции на царството, и тие го имале прифатено учењето, во помала или поголема мера, кое црквата го осудувала како ерес. Но, таков не е случајот со Василиј. Тој за време на неговото владеење нема да ги поддржува еретиците или да се обиде да го сруши култот кон иконите, напротив, ќе војува против еретиците – павликијани и ќе ја поддржува официјалната црква. Овој факт може единствено да се објасни со неговото потекло. Иако во темите Тракија и Македонија имало населено мноштво Ерменци, кои со себе го донеле и своето духовно учење, Василиј потекнувал од домородното население кое го гаело учењето на официјалната - православна црква. Според тоа, неговото потекло никако не би било ерменско. Можеби се сакало да се прикрие неговото вистинско (македонско) потекло, бидејќи Византија се смета за историски продолжувач на државата и идејата на Алексанадар Македонски, па учените кругови не сакале да се воскресне таа држава на местото на „Ромејската" – како што ја нарекувале својата. Па, ајде - не е Македонец, тој е Ерменец! Но, тука има само еден проблем: зошто тогаш самиот не се нарекувал Василиј I Ерменин, туку Македонец? Сега се поставува прашањето зошто во изворите постојано се среќаваме со извештајот за неговото благородничко потекло од Ерменија. Одговорот е многу едноставен – скромното потекло од околината на Адријанопол да се поврзе со благородничко потекло и правото на носење на царска круна. Оваа идеа можела да дојде само од неговиот современик, проникливиот патријарх Фотиј.

Во Житието на Игнатиј[54], кое во крајот на IX век го составил Никита Пафлагониски, сочувана е интересна приказна за тоа како настанала генеологијата на Василиј.[55] Според таа приказна, кога го изгубил патријаршискиот престол, Фотиј за да го сврти вниманието на царот, вешто му го втурнал на Василиј родословот кој сам го составил и кој можел да ја задоволи и највообразената суета. Родословното стебло на Македонската династија, напишано на пергамент со посебна калиграфија, на својот врв го имала ерменскиот крал Тиридат, а по него

---

[54] Цариградаски патријарх (847-858 и 867-877), жесток соперник со патријархот Фотиј, поради кого го изгубил патријаршискиот престол во 858 г.
[55] Успенски Ф., Историја византиског царства, 11.

следела низа од измислени имиња, сè до таткото на Василиј. Дворскиот библиотекар Теофан, божем случајно, го дал на увид овој пергамент на царот Василиј. Укажувајќи му на палеографските тешкотии при читањето на документот, му напоменал дека единствено би можел да го прочита Фотиј. Ова наводно пресудно влијаело на тоа Фотиј да биде вратен од прогонство и повторно да ја стекне довербата на Царот. Покрај генеалогијата имало и пророштво, според кое, таткото на Василиј ќе имал син ВЕКЛАС, чиј опис непогрешливо покажувал кон Василиј, кој ќе имал долго и среќно владеење. Василиј ја прифатил интерпретацоијата на ВЕКЛАС како мистериозен акростих кој ги содржи почетниите букви од неговото име, името на жена му и имињата на неговите четири сина (Б-асилиј, Е-вдокија, К-онстантин, Л-ав, А-лександар, С-тефан).[56] Така скромното потекло на Василиј од околината на Адријанопол мистично е поврзано со благородништво. Ова е прифатено од неговите наследници – Константин VII Порфирогенит и неговото литерарно опкружување, сè со цел да се оправда највисокото достоинство кое го имале.

Кога Василиј се вратил од прекудунавска Бугарија, некое време бил во служба кај стратегот на Македонија но, гледајќи дека не би можел да напредува во провинцијата, решил да ја побара својата среќа во престолнината. Веројатно се сеќавал на она што го видел во престолнината при враќањето со корабите од заддунавска Бугарија и верувал дека ќе успее да се снајде во најголемиот град. Во времето кога царицата Теодора седела на престолот со својот маж Теофил, отприлика околу 845-850 г., едно момче сиромашно облечено но, на кого високата става, силната градба и румената боја на лицето му давале прилично достоинствен изглед, влегувало една вечер, со торба на грбот и стап во раката, во Цариград, низ Златната Порта.[57] Неговото пристигнување во градот било напишано од раскажувачот како типична романса. Изморен од патувањето, Василиј легнал да се одмори покрај прагот на манастирот Св. Диомед. Ноќта кога Василиј прилегнал крај манастирот, игуменот Никола имал сон, во кој му било заповедано да стане и да му излезе во пресрет на царот. Прифаќајќи го тоа како обичен сон, игуменот не

[56] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 165, фус.4.
[57] Дил Шарл, Византиске слике, т. I, Београд 1927, 121.

обрнал внимание на заповетта. Откако и по вториот пат истата ноќ го сонил сонот, игуменот излегол пред вратата и видел само еден „парталко“ кој спиел пред вратата. Третиот пат игуменот добил и таинствен удар од тупаница во слабините, а гласот му заповедал: „Стани. Воведи го оној кој лежи пред вратата. Тој е цар“.[58] Игуменот го вовел Василиј во манастирот, каде го угостил и му ја раскажал чудесната приказна. Во животописот кој го составил внукот на Василиј – Константин, се кажува дека игуменот се заложол за него кај една угледна личност на висока положба, која го посетувала манастирот. Всушност, сѐ работело за роднина на царот Михаил[59] и Кесарот Варда[60], Теофил, наречен Теофилица (поради растот - мал Теофил). Тој бил богат човек кој сакал да биде опкружен со силни и убави момчиња облечени во свилени и парадни облеки. Василиј успеал да се истакне и набрзо ја добил функцијата дворски коњушар, а Теофилица пријателски му се обраќал со прекартот Кефалас – јака глава.

Како доверлив човек, Василиј го придружувал својот господар при неговото службено патување на Пелопонез, кое што Теофилица го превземал по налог на власта. Додека патувале Василиј се разболел и морал да остане во Патрас. Таму ја запознал Даниелида, богата вдовица во поодминати години. Нејзиното богатство било кралско. Даниелида го примила во својата куќа со посебна љубезност и му посветила големо внимание. Кога Василиј се опоравил и требало да тргне назад, откако се побратимил со нејзиниот син Јован, таа му дала голема количина на злато, триесет робови, раскошни облеки и други скапоцености. Мотивот за овој чин кој го сторила Даниелида, било убедувањето во точноста на монашкото пророштво дека Василиј еден ден ќе го добие престолот, а таа да стане господарка на цела Хелада.[61] Кога се вратил во престолнината, тој со добиеното богатство накупил имот во Македонија но, и понатака останал во служба на својот дотогашен господар. За тоа време мајката на Василиј во Адријанопол се прашувала што ли

---

[58] Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, libri V, 223-224.
[59] Михаил III (842-867) последен цар од Аморијската династија, в. Острогорски Г., Историја на Византија, 271.
[60] Вујко на царот Михаил III, вистински управник на византиската империја за време на владеењето на неговиот внук, в. Острогорски Г., Историја на Византија, 275.
[61] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 167.

прави нејзиниот син во Константинопол, во туѓина.[62] Тоа што Василиј од Пелопонез се вратил како богат човек, кој на располагање имал робови и голем земјишен посед во Македонија, секако имало влијание на неговата понатамошна судбина. И покрај тоа што историјата за престојот на Василиј во Пелопонез има легендарен карактер, во неа сепак постои зрно вистина, бидејќи, тоа било семејно предание кое, внукот на Василиј, како составувач на житието, не го довел во сомнеж.[63]

Судбината на Василиј сега би можела да се смета за обезбедена, иако елементот на чудесното и понатака ја следи неговата историја. Овој пат голема улога ќе одиграат неговата физичка сила и исклучителната спретност и умешност. Еден ден роднината на царот Михаил III, патрициј Антигон, син на Кесарот Варда, во чест на својот татко приредил свечен ручек. На тој ручек ја поканил целата престолничка аристократија, а ги поканил и бугарските пратеници кои во моментот биле таму. Според обичајот на византиските гозби, при крајот на ручекот дошле борачи кои требало да ги восхитат гостите со своите вежби. Тогаш Бугарите почнале да се фалат со еден нивни борач, кажувајќи дека тоа е непобедлив човек. „Кога на трпезата пиењето и веселењето се засилило, малиот по раст Теофил му кажал на Кесарот: „Имам господару таков човек, кој ако заповедаш, може да се бори со тој прочуен Бугарин. Зошто ова е голема прослава за Ромеите и никој не би можел да го поднесе нивното самофалење, ако тој си замине во Бугарија без да биде победен“. Кесарот заповедал да се случи тоа“.[64] „Бугаринот не успеал да го совлада Македонецот, кој не дозволил да биде победен. Тогаш Македонецот го кренал со здравите раце, силно го завртел, го стегнал и го фрлил на земјата како вистински трупец. Едвај го спасиле од смртта; крвта му бликала од ушите и ноздрите“.[65] Овој подвиг го привлекол вниманието на дворските луѓе врз Македонецот.

Потоа уследил нов испит на силата и вештината, на кој Василиј оставил уште повпечатлив отисок. Царот Михаил добил на подарок прекрасен коњ.

[62] Продолжатель Феофана, Жизнеописаная византийских царей, Санкт Петербург 1992, 97.
[63] Успенски Ф., Историја византиског царства, 13-14.
[64] ГИБИ, т.V, 120.
[65] ГИБИ, т. IV, 335.

Неговите коњушари не биле во состојба да го совладаат пргавиот коњ. Михаил бил во очај кога неговиот роднина Теофилица му го предложил неговиот коњушар, Василиј, кој би можел да го совлада коњот. Василиј знаел како да го совлада коњот, и животното станало целосно припитомено. Императорот воодушевен од ова достигнување и восхитувајќи сè на неговата психичка сила, го зел кај него во служба и го поставил на должноста протостратор (царски коњушар).[66] Горд на стореното, Михаил го одвел Василиј да го претстави на својата мајка Теодора но, царицата тажно му кажала: „Камо среќа никогаш да не го видев човеков. Тој ќе ја уништи нашата лоза“.[67] Пред Василиј се отворил широк пат. Тој ја стекнал благонаклоноста на царот и станал негов незаменлив придружник.

Во моментот кога Василиј дошол на дворецот, Варда, царевиот вујко, станувал семоќен – ги држел сите конци на власта во своите раце и сигурно сонувал за царскиот престол. Неверојатно славољубив, желен за власт, богатство и раскош, Варда сепак сакал да се покаже како добар администратор, строг судија и неподмитлив министер; и со самото тоа, и покрај недостатокот на совест и неговиот длабок неморал, тој бил многу популарен. Нему му припаѓа честа за основањето на Магнаурската школа, каде ги повикал најпознатите научници од своето време; таму се предавала граматика, филозофија, геометрија, астрономија.[68] Под негова управа се постигнати значајни војнички успеси против Арабјаните; дрскиот напад на Цариград  кој го направиле Русите бил силно одбиен; со помош на патријархот Фотиј, Варда ја постигнал славата успешно да го изведе големото дело на христијански мисии, кое го однело евангелието кај Моравјаните и Бугарите, и под негова заштита Кирил и Методиј, словенските апостоли, го превзеле делото со кое, цела една „раса“ била придобиена за православието.[69]

Додека Кесарот владеел, Императорот уживал во своите лудости. Тој го трошел богатството кое го создале неговите родители, ја зачудувал и навредувал престолнината со своите необични склоности кон трките и коњите. Бил прочуен по своето пијанство, според кое историјата му го дала прекарот Михаил Пијаницата, и

[66] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 168.
[67] Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, 233.
[68] Ангелов Димитър, Византия-духовна култура, София 1994, 127.
[69] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 40-45.

како после пиењето, не знаејќи повеќе што зборува, изрекувал смртни казни или изнаоѓал чисти лудости.[70] Единствен начин некој да му се допадне бил да му се придружи на тие чудни забави и секој во дворецот се трудел да му угоди. Василиј брзо разбрал дека тоа е начинот да си ја осигура среќата. Било неопходно, добро да ги познаваш луѓето и да владееш со вештината на прилагодување кон околностите, за да би можел, во средина во која владеат луѓето на Варда, да успееш да си го отвориш патот. Во тоа време, командувањето на царската гарда, инаку најважна воена функција, било доверено на Петрона, брат на Варда, а потоа на Антигон – син на Варда, а за логотет на дрома бил поставен Симватиј, зет на Варда. За Василиј може да се каже дека го следела среќа и дека дури и самиот Варда, не еднаш, помогнал при неговото напредување.

Кога во 856 г. местото Хетаир (голем штитоносец) останало празно, зошто неговиот сопственик бил фатен во завера против Императорот, местото го добил Василиј. Неговото издигнување било брзо. Подоцна, во 862 г., кога Паракимоменот (одговорен за царските одаи) Дамјанос, стар пријател на Варда, бил сменет затоа што се огрешил пред Кесарот, Василиј ќе го наследи тоа место од доверба.[71]

Михаил III на сите кои не сакале да го слушаат им велел дека единствено Македонецот му е предан и верен слуга. Затоа тој го направил патрициј, а подоцна и го оженил. Всушност, Василиј веќе имал жена, Македонка како и тој, Марија. Царот го приморал да се разведе, а Марија, добро обезбедена, била вратена во Македонија.[72] Императорот го оженил својот пријател за својата љубовница Евдокија Ингерина. Таа била многу убава жена на која Михаил и бил љубовник повеќе години и кога ја мажел поставил услов да ја задржи за љубовница. Василиј изгледа без мака се прилагодил на таа неудобна положба. Но, и тој имал своја утеха: бил љубовник на Текла, царевата сестра.[73]

Може да се мисли дека Василиј пресметано ја покажувал големата потчинетост. Во таа авантура, на добар дворјанин, Варда добро го предвидел скриеното славољубие. По падот на Дамјанос, тој пред своите пријатели говорел:

[70] Дил Ш., Византиске слике, 129.
[71] Исто; Позицијата на Паракимомен ја завемале евнуси, а Василиј е единствениот на таа позиција кој не бил евнук.
[72] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 169.
[73] Дил Ш., Византиске слике, 129-130.

„Јас ја избркав лисицата но, на нејзино место доведов лав, кој сите има да нè изеде“.[74] Оттогаш помеѓу Варда и Василиј не можело да има доверба. Двајцата настојувале максимално да го искористат своето влијание и што повеќе да наштетат еден на друг.

Василиј го припремал својот завршен удар многу вешто и претпазливо. Тој најпрво морал да најде сојузници кај највисоките лица, за да може преку нив да влијае на Императорот. Логотетот на дрома, Симватиј, зет на Варда, се согласил да учествува во заговорот против својот дедо, откако добил ветување дека ќе ја наследи неговата важна титула. Кога во заговорот против Варда влегол неговиот зет Симватиј, Императорот повеќе не се колебал и во потполност го прифатил планот на Паракимоменот.[75] Било опасно да се превземат чекори против Варда во престолнината, затоа што, тоа можело да предизвика воена побуна. Затоа во 866 г., на брзина било одлучено да се тргне во поход против критските Арабјани, кој по се изгледа, бил превземен со една единствена цел: Варда да се извлече од средината во која имал многу пријатели и приврзаници и во кој се чувствувал сосема безбедно.[76] Варда требало да земе лично учество во походот кој заговорниците го искористиле за остварување на своите замисли. Императорот и неговиот љубимец ништо не штеделе за да го уверат и посигурно да го доведат во безизлезност. Пред тргнување двајцата отишле со Кесарот во црква и во присуство на патријархот Фотиј свечено се заколнале дека Варда од нив нема од што да се плаши.[77]

Зората на 21 април 866 г.,[78] во темата Тракесион, на устието на р. Меандра,[79] Кесарот според вообичаениот обичај дошол во императорскиот шатор за да ги разгледаат идните чекори. Василиј, поради неговата функција Паракимомен, должност му било да го прими Кесарот и да го воведе кај Императорот, водејќи го за рака. Откако Варда влегол во шаторот, седнал пред владетелот и започнал разговор. Тогаш со еден поглед Михаил им покажал на своите оддани поданици дека дошол моментот. Симватиј, прекрстувајќи сè, го дал главниот знак за

---

[74] Исто.
[75] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 170.
[76] Успенски Ф., Историја византиског царства, 17.
[77] Дил Ш., Византиске слике, 132.
[78] Острогорски Г., Историја на Византија,285.
[79] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 171.

убијците. Василиј го зел мечот в рака и на тој знак заговорниците јуришнале и пред очите на безчуствителниот Император го исекле на парчиња несреќниот Кесар.[80] Неговите остатоци биле погребани во оној ист манастир Гастриј, каде Теодора, царицата–мајка, по заповетта на својот брат морала да се повлече. Официјално, со цел да се оправда подлото убиство, се тврдело дека заговорниците морале така да постапат за да го спасат загрозениот живот на Императорот.

Паракимоменот Василиј ја добил својата награда за преданост: тој бил посвоен од Императорот, кој немал деца, и издигнат во рангот на Магистер.[81] Василиј, полн со самодоверба и сила, можел силно да влијае на својот слаб господар. Неколку недели подоцна Михаил одлучил да го издигне на престолот.

На денот Духови (26 мај 866 г.), народот со чудење видел дека се креваат два престола во Св. Софија, знаејќи дека имаат еден владетел. Во вообичаениот час, царската поворка влегла во соборната црква: Михаил III предводел во свечена облека, Василиј одел по него носејќи ги знаците и мечот на Паракимоменот. Со цврсти чекори владетелот дошол до иконостасот и застанал на најгорното скалило; под него застанал Василиј; под него царскиот секретар и официјалниот народ (поситни чиновници). Тогаш царскиот секретар започнал да го чита Императорскиот извештај: „Кесарот Варда направи завера против мене за да ме убие и затоа ме одведе надвор од престолнината. И да не беше пријателската опомена од Симватиј и Василиј, мене немаше да ме има помеѓу живите. Но, тој погина како жртва на својот грев. Јас наредувам Василиј, мојот верен слуга, кој го чува моето величество, кој ме ослободи од мојот непријател, и кој ме сака, да биде во иднина чувар и администратор на моето царство и од сите да биде поздравуван како Император.“[82] Тогаш Михаил ја дал својата круна на патријархот за да ја благослови. Евнусите го облекле Василиј во императорска облека – наметка и црвени чизми. Потоа, партијархот го крунисал Михаил, а Михаил го крунисал Василиј, кој клечел пред него. И народот извикал според прописот: „Да живеат

[80] Дил Ш., Византиске слике, 132-133.
[81] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 174.
[82] Исто, 174-175; Дил Ш., Византиске слике, 133-134.

царевите Михаил и Василиј“.[83] Сега Василиј добил од Михаил се што тој можел да му даде.

Безмилосно отфрлениот Симватиј, кој останал без ветената титула на Кесар, се откажал од должноста логотет на дрома и измолил да го постават за стратег на Тракесијската тема. Таму тој, во соработка со стратегот на темата Опсикион, кренал бунт против власта. Бунтовниците го уништиле имотот на константинополските големци и грабнале неколку бродови. Како се ближела зимата, така бунтот ја губел својата моќ. Двајцата бунтовници биле фатени и одведени во Константинопол, каде ги стигнала сурова казна: заробеништво, откако им биле ископани очите, а Симватиј останал и без десната рака.[84]

После ова следува да кажеме нешто за последниот и најодлучувачки чекор кој Василиј го довел до самостојна власт. Од гледна точка на авторите на биографијата на Василиј, дека „божјиот глас отворено го повикал да ја превземе царската власт“, всушност, убиството на царот Михаил, кое го организирал Василиј, тешко можело да се оправда во очите на современиците и потомството. Само по себе се подразбира дека било тешко да се верува на Михаил, кој со леснотија се ослободил од Варда, можел да крене рака и на Василиј. Михаил почнал да станува резервиран кон својот учесник во власта, кога забележил дека тој ги одбегнува веселбите и се посериозно почнал да гледа на своите обврски и должности. Веројатно Василиј немал друг избор, кога сфатил дека Императорот имал намера власта да ја сподели со еден ласкавец Василикиј, на кого му ги дал своите црвени чизми.[85] Овој инцидент сериозно го загрижил Василиј.

Заедничкото вадеење на Михаил и Василиј траело помалку од година и пол. На 23 септември 867 г. Михаил организирал прослава во дворецот на Св. Мамас на кој бил поканет и Василиј со Евдокија. Додека Михаил се опивал, Василиј отишол до императорската спална каде ја искршил вратата, за таа да не може да се заклучи. Василиј го испратил Михаил на спиење, понизно бакнувајќи му ја раката. Под стража на двајца верни служители, Михаил набрзо заспал, а Василиј со своите осум

[83] Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, 242-243.
[84] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 175-176; Успенски Ф., Историја византиског царства, 18.
[85] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 177.

заговорници влегол во царската соба. Вревата која тогаш се кренала го разбудила Михаил, кој се обидел да се одбрани. Михаил умрел од многубројните бодежи ноќта помеѓу 23 и 24 септември 867 г.[86] Истата таа ноќ, и покрај големата бура, Василиј побрзал да премине од предградието Св. Мамас во Константинопол, за да го завземе дворецот и да си ја осигура положбата која ја имал. Михаил бил погребан без никаква помпа на азискиот брег на Босфорот, во денешна Скутарија. На погребот присуствувала мајката на Михаил, Теодора, со неговите сестри, кои биле замонашени и живееле во манастирот Гастриј. [87]

Василиј Македонецот станал император. Забрзано, за да ја заврши „революцијата", утредента прва обврска на новиот господар било, со голема церемонија, Евдокија Ингерина, неговата жена, да ја направи Августа. За што поцврсто да ја врзе царската круна за своето семејство, Василиј на 6 јануари 869 г., го крунисал за совладетел својот постар син Константин, една година подоцна и својот син Лав, а околу 879 г., по прераната смрт на Константин, и третиот син Александар, додека најмалиот Стефан станал свештеник, кој за време на владеењето на својот брат Лав VI го завзел патријаршискиот престол.[88] Царевиот првенец и љубимец Константин му бил син од неговата прва жена, Македонката Марија. Лав, Александар, Стефан и четири ќерки биле од неговата втора жена Евдокија Ингерина.

Пратејќи ја невообичаената кариера на Царот Василиј, мораме да признаеме дека тој бил снаодлив човек и ако се земе во обѕир дека тој едвај имал најосновно образование, тогаш неговата личност мора да израсне пред нас до колосални размери. Тој не спаѓал во типот на добропознати византиски узурпатори. Василиј не влегол во градот водејќи со себе војска, ниту имал брат, роднина или пријател кои биле достоинственици во царската палата. Вешт и промислив, способен брзо да учи и уште побрзо да реагира и да се прилагоди на околностите, тој бил a self made man во најпотполно значење. Иако може да изгледа како регресија, дури со доаѓањето на власт на провинцијалецот par exellence, Василиј Македонецот, на царската положба и бил даден нов сјај, односно Императорот повторно ја добил

[86] Острогорски Г., Историја на Византија,285.
[87] Успенски Ф., Историја византиског царства, 19.
[88] Острогорски Г., Историја на Византија,286.

силата која му припаѓала, враќајќи се на старите, добри начела. Токму во времето на неговото владеење, било поставено прашањето за потпората на Империјата, и се дошло до заклучок дека европските етнички елементи мораат да добијат предност пред азиските.[89] Василиј и по доаѓањето на престолот останал практичен и проницлив каков што бил и предходно.

[89] Успенски Ф., Историја византиског царства, 19.

# II. Духовно и законодавно издигнување

## *II.1 Византиската црква во зенитот на својата моќ*

### II.1.1 Фотиј – неприкосновениот патријарх

Патријархот Фотиј исто така спаѓа во редот на новите луѓе во историјата на Византија. Со обѕир на големото значење кое го имал и длабоката трага која ја оставил, тој би можел да се постави дури и пред Василиј. Меѓутоа, иако со своето научно образование и со талентираноста претставувал сосема неочекувана и до некаде извонредна појава, ние сепак не располагаме со никакви сведоштва за околностите кои го припремиле влезот на Фотиј во историјата.

Може да се каже дека првиот хронолошки податок кој се однесува на неговиот живот се поклопува со времето на неговиот избор на патријаршиската катедра. Фотиј бил неколку години постар од Василиј и се претпоставува дека е роден помеѓу 816 и 826 година.[90] Потекнувал од угледно семејство кое во Константинопол имало разгранети врски. Таткото на Фотиј бил во сродство со прочуениот патријарх Тарсиј[91] и припаѓал на иконофилската страна. Иако ова семејство настрадало за време на иконоборечката епоха, тоа за време на царицата Теодора (мајка на Михаил III) повторно завземало вискока позиција во пресолнината. Сестрата на царицата, принцезата Ирина била омажена за братот на Фотиј, патрикиј Сергиј. И неговиот друг брат Тарсиј ја носел титулата патрикиј. Што се однесува на самиот Фотиј, тој се здобил со исклучително образование и подоцна станал професор на високата школа во Константинопол каде предавал: логика, дијалектика, филозофија, математика и теологија.[92] Тој во исто време бил и царев протоасекретис – чувар на државниот печат, кој бил задолжен за пишување на конечната верзија на сите царски одлуки и закони.[93] Протоасекретик бил човек

---

[90] Успенски Ф., Историја византиског царства, 20.

[91] Константинополски патријарх 787-806, види: Г. Острогорски, Историја на Византија, 223-225.

[92] Бухволд Волвганг, Холвег Армин, Принц Ото, Речник грчких и латинских писаца антике и средњег века, Београд 1984, 470.

[93] Каплан Мишел, Византија, Београд 2007, 122.

од доверба на владетелот, бил главен помеѓу чиновниците и ја надгледувал работата на целата администрација.

Наполнувајќи триесет години и – благодарејќи на своето потекло и врските – правејќи добра кариера, Фотиј не можел да остане на страна од актуелните прашања во внатрешната и надворешната политика, кои во тоа време го окупирале константинополското општество. Тој не само што не останал на страна од тогашните општествени движења, туку тие движења дури и го исфрлиле во прв план, така што имал удел во решавањето на важни прашања од црковната политика. Иконоборската епоха го оставила во наследство на царевите и патријарсите во IX век дефинитивното прашање за односот на Источната црква кон Западната, кое секако било од светско историско знчење. Независно од тоа, во процесот на историската еволуција во текот на VIII и почетокот на IX век на Запад се издигнала нова Римска Империја, која во тесен сојуз со латинската црква и папството, влегла во сериозен судир со Источното царство и константинополската патријаршија. Новата Римска Империја всушност имала за цел, со освојувачки походи и верски мисии, да застане на пат на понатамошното политичко и црковно ширење на Источното царство.[94] На Фотиј паднала задачата да го превземе решавањето на овие прашања во интерес на Источното царство и константинополската патријаршија, и од тоа гледиште треба да се оценува неговата дејност.

Од воспоставувањето на православието, со враќањето на култот кон иконите, до устоличувањето на нова, најдолготрајна династија во дотогашната византиска историја, со доаѓањето на власт на Василиј Македонецот, поминал четврт век преполн со случувања и важни промени во односите помеѓу духовната и световната власт. Тоа било период на најголеми мисионерски успеси на Цариградската патријаршија, време во кое териториите кои иконоборецот Лав III [95] ги одземал од римската јуриздикција и ги ставил под власт на патријаршијата во Константинопол, дефинитивно биле зацврстни како верни и потчинени на неа. Но, во исто време, било период кога започнала борбата помеѓу црковните поглавари на

[94] Успенски Ф., Историја византиског царства, 20.
[95] Византиски император 717-741 г., види: Г. Острогорски, Историја на Византија, 197-208.

стариот и новиот Рим, која, добивајќи различни облици, ќе остане една од константите на наредниот период. Тоа било златен период на цариградската патријаршија, во исто време, во периодот на Фотиј и кесарот Варда, и нејзин период на одмор од постојаната напнатост и борба со световната власт.

Во 847 г., по смртта на патријархот Методиј, царицата Теодора, патријаршиската катедра ја доверила на монахот Игнатиј, син на царот Михаил Рангабе, кој по симнувањето на неговиот татко од престолот бил замонашен и шкопен.[96] Она што е битно да се истакне за начинот на издигнувањето на Игнатиј е дека царицата Теодора, без одржување на било каков црковен синод, сама ја донела одлуката за новиот патријарх. [97] Нејзиното самоволно донесување на Игнатиј бил само еден чекор во воспоставување на традицијата патријарсите да се поставуваат со царска одлука.

На катедрата на константинополски патријарх, Игнатиј го очекувале тешкотии со кои тој не бил во состојба да излезе на крај, со оглед на тоа дека, тој сè до својата 48 година живеел во манастир.[98] Да не зборуваме за дворските обичаи и срамното однесување на царот Михаил III, кој често барал корекции на највисокиот црковен авторитет, кое патријархот не можело да го оства рамнодушен. Игнатиј против себе имал јака партија, која ја сочинувале највисоки црковни лица. Денес е тешко да се разберат интригите на тогашните црковни партии и да се проникне во вистинските причини за незадоволство од патријархот Игнатиј во црковните кругови. Положбата на патријархот Игнатиј станала особено тешка откако противничката партија си нашла моќна поддршка кај кесарот Варда, бидејќи, во тоа време црковните прашања биле во тесна врска со политичките. Во такви околности, преостроото истапување на патријархот против кесарот Варда, кој во тоа време бил највлијателното лице на власта, не можело, а да не предизвика катастрофа. Познато е дека Варда, откако се развел од својата жена, стапил во врска со својата снаа, жената на својот починат син.[99] Патријархот му се обратил со молба и совет веднаш да ја прекине таа вонбрачна врска но, Варда на тоа не

[96] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 41.
[97] Спорот за каноничното издигнување на Игнатиј, особено се распламтил по неговото симнување и доаѓањето на Фотиј, и бил клучен аргумент на противниците на Игнатиј.
[98] Успенски Ф., Историја византиског царства, 20.
[99] Дил Ш., Византиске слике, 128; Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 188.

обрнал внимание. На празникот Богојавление 857 г., како што наложувал дворскиот обичај, Варда требало да прими причест но, патријархот тоа му го ускратил.[100] Притајувајќи го бесот, семоќниот Варда започнал да смислува како да го казни патријархот. Овој пат, вешто било покренато пршањето за потстрижување и закалуѓерување на Теодора и нејзините ќерки, што патријархот не сакал да го одобри. Меѓутоа, иако сеуште ја држел духовната власт, фактичкото влијание на патријархот било занемарливо, така што, наспроти неговата волја, царицата Теодора и нејзините ќерки во септември 857 г. биле потстрижени и пратени во манастирот Гастриј. По некое време, патријархот Игнатиј, без било каков суд и истрага, со личната волја на царот Михаил III, бил лишен од власта и прогонет на островот Теревинт на 23 ноември 858 г.[101] Владата по неговото тргнување настојувала да му најде таков наследник кој би можел да ги задоволи и црковните потреби од тоа време и барањата на власта. Бидејќи припаѓал на партијата на Варда и стоел на страна на духовништвото кое се одвоило од Игнатиј, Фотиј бил сметан за најдостоен кандидат за испразнетото место на патријаршискиот престол, иако тргнатиот патријарх својот случај не го сметал за изгубен.

Во рок од само шест дена – од 20 до 25 декември, Фотиј ги поминал сите степени на црковната хиерархија и на Божиќ 858 г. бил издигнат за патријарх.[102] Со ова, не по прв пат, грубо биле нарушени обичаите на Црквата, што довело до нов црковен раскол во Патријаршијата. Така едни стоеле на страната на тргнатиот патријарх, додека други стоеле во одбрана на новиот. Главен заштитник на Фотиј бил Варда но, против него било духовништвото, и што е уште побитно, манастирот Студит, кој организирал отпор против Фотиј. Двете групи кои биле појавени во црквата, и кои биле спротивни една на друга, се всушност црковните партии на „зилоти“ и „политичари“.[103] Антагонизмот во „византиската“ црква кој се појавил на VII Вселенски собор, одржан во Никеја во 787 год., може да се следи до крајот на постоењето на византиската империја. Антагонизмот се состоел во тоа што радикалната калуѓерска струја, позната како зилоти (ревносни) со непопуслива

---

[100] Успенски Ф., Историја византиског царства, 21.
[101] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 188-189.
[102] Острогорски Г., Историја на Византија, 276.
[103] Бакалов Георги, Византия, София – Век 22, 345.

строгост се држела до канонските одредби, отфрлајќи секаков компромис, додека умерената струја, позната како политичари, се приспособувала на политичките услови и државни потреби, не бегајќи од компромиси и била подготвена на соработка со световната власт.[104] Во IX век таа борба се водела помеѓу монасите Студити и патријарсите Тарасиј, Никифор и Методиј, а подоцна меѓу приврзаниците на Игнатиј и Фотиј. Во повеќето случаи победуваат „политичарите“ и нивната теорија за „икономија“. Во своето поведение, дејства и оценки тие се потрезвени и подготвени за дијалог и компромис со световните власти, додека зилотите до крајност ја бранат независноста на Црквата од световната власт.

Игнатиј бил поддржуван од Студитскиот манастир во кој се организирала силна опозиција против Фотиј. Таа многу пати му наштетила и битно влијаела на тогашното општествено мислење, кое не било наклонето на новиот патријарх. На општественото мислење и на креирањето на црковната политика особено влијаеле литературните и научни дела кои излегувале од овој манастир. За да ги придобие монасите на своја страна, Фотиј извршил реформа во управувањето со манастирите. Игумените биле ослободени од претераната зависност во односот со манастирската општина и станале директно потчинети на патријархот.[105]

За да го раскинат создадениот чвор по тргањето на Игнатиј, кој одбивал да го прифати одземањето на чинот и патријаршиското достоинство додека тоа не го потврдела највисоката црковна власт, Варда (во име на Михаил III) и Фотиј одлучиле овој случај да го поднесат на увид на Папата. Тие успеале да го измолат Папата да прати свој полномошник во Константинопол за да учествува во работата на Соборот. Потребата највисокиот авторитет да се вклучи во решавањето на локални случаи, била предизвикана поради тоа што приврзаниците на Игнатиј, во храмот Св. Ирина организирале собор против Фотиј на кој, повикувајќи се на кршењето на канонот при неговиот избор, го прогласиле за симнат.[106] На Фотиј не му останало ништо друго туку, на нападот да одговори на ист начин. Тој свикал Собор во храмот на Св. Апостоли. Тогаш започнале црковните недоразбирања и прогонот на Игнатиј. Папата Никола I пратил свои полномошници и во мај 861 г.

---

[104] Острогорски Г., Историја на Византија, 225.
[105] Успенски Ф., Историја византиског царства, 23.
[106] Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire, 191.

бил одржан Собор во Константинопол, во храмот на Св. Апостоли на кој бил разгледан и случајот на Фотиј. Во присуство на Царот, кесарот Варда и 318 отци, бил одржан Соборот, познат како Прво - Втор константинополски Собор, поради тоа што два пати бил собиран на заседание. На Соборот бил земен во претрес и проблемот со Фотиј и Игнатиј, и откако биле сослушани сведоците и разгледани документите, било изјавено дека Игнатиј бил законски тргнат, а Фотиј законски го завземал патријаршискиот престол.[107] Овој собор го означил почетокот на жестоките спорови помеѓу Рим и Константинопол. Токму тогаш јасно се покажало дека „Грците“ слабо разбирале латински но, ни „Италијанците“ ништо подобро не владееле со грчкиот јазик. Дури ни преведувачите не располагале со доволно знаење. Преводите од еден на друг јазик ретко кога биле точни, а при тоа не треба да се отфрли можноста за намерно менување на смислата во актите и писмата до Папата.

На столицата на Св. Петар штотуку бил искачен Никола I, смел и енергичен политичар, чиј главен стремеж било да го зацврсти римскиот универзализам. Замешувајќи се во византискиот црковен спор како врховен судија, Никола I се изјаснил во корист на Игнатиј и одбил да го признае Фотиј, забележувајќи му на неговото неканонско издигнување. Всушност, Никола I сакал да го зачува принципот во сите црковни прашања, и на Запад и на Исток, последната одлука да му припаѓа нему како врховен поглавар на христијаните. На овој принцип тој му останал верен до крајот  и не се поколебал ни тогаш кога неговите легати во Цариград, подлегнувајќи на Фотиевата дипломатска вештина, му се придружиле на Соборот кој го потврдил изборот на Фотиј и абдикацијата на Игнатиј (861 г.). Демантирајќи ги своите претставници, Никола I на Соборот во Латерна ја спровел одлуката за смената на Фотиј (863 г.).[108] Меѓутоа, предноста некое време била на страната на Фотиј. Тоа му дало одврзани раце и му овозможило да го насочи вниманието кон вистинските задачи на Вселенската патријаршија, што му донело најголеми почести и слава.

[107] Поповић Јевсевије, Опћа црквена историја, књига I – (до 1054.), Срем. Карловци 1912, 779.
[108] Острогорски Г., Историја на Византија, 277-278.

Доколку Фотиј го оценуваме како историска личност, од гледиште на светската историја, мораме да го гледаме како човек со исклучително надарена природа. За да се најде најадекватен критериум за оценување на Фотиј, неопходно е да се оценува од гледиште на широкиот светско-историски интерес. Никогаш, ниту еден патријарх, не достигнал таква сила и моќ, ниту уживал такви почести и слава, како Фотиј. Фотиј, без сомнение, е најголемата личност на византиската ренесанса во времето на македонската династија.[109] Тој не само што ги замолчал своите противници, изборувајќи се неговите права свечено да бидат признаени на Собор на кој присуствувале и папски пратеници, туку константиниополската патријаршија ја поставил во рамноправна положба со римската епископија, а со тоа нанел тежок пораз на претензиите на Папата.

### II.1.2 Византиското мисионерство кај словенските народи пред доаѓањето на власт на Василиј I

Додека Рим се стремел за одржување на своите универзални претензии, Цариград настојувал да си осигура суверена позиција кој ја определил историскиот тек на настаните. По совладувањето на иконоборството, на константиниополската патријаршија повеќе не и била потребна поддршката од римската црква, а трите источни патријаршии (александриска, антиохиска и ерусалимска) се наоѓале сосема немоќни под арапската власт. Константинополскиот патријарх сега бил единствен поглавар на византиската црква. Како и византиското царство, така и византиската црква се наоѓала на прагот на својот најдобар период – период на големото ширење во словенските замји.[110]

Во историјата на Царството, шеесетите години на IX век ќе останат забележани по извонредното културно издигнување и оживување на мисионерската дејност помеѓу паганските народи во Североисточна и Југоисточна Европа. Кон патријархот Фотиј и кон Кирил и Методиј, кои ја одиграле клучната улога во неочекувано големата и многу успешна христијанска мисија, благодарејќи на која духовната власт на константинополската патријаршија се проширила врз нови

---

[109] Заров К. Иван, Византиската естетика и средновековниот живопис во Македонија од XI и XII век, Скопје 2003, 94.
[110] Острогорски Г., Историја на Византија, 278.

земји, мораме да имаме длабоко чувство на почит и благодарност за тоа што сите Словени биле христијанизирани.[111] Фотиј го признал исповедувањето на христијанството кај Словените, така како што тие го практикувале и за да го поддржи тој дух и да ја зајакне верата меѓу словенското население, ги испратил Кирил и Методиј во мисионерска дејност.[112]



*Свети Фотиј исповедник*

Кон почетокот на 50-тите години на IX век Константин Филозоф морал да ја прекини својата професорска кариера, зошто од страна на византискиот двор бил

[111] Успенски Ф., Историја византиског царства, 27.
[112] Георгиева Петковска Вера, Византиска филозофија, Скопје 2001, 131.

испратен на мисионерска работа меѓу Словените, по реката Брегалница, каде управувал неговиот брат Методиј.[113] Таму, во 855 г. Константин Филозоф заедно со својот брат Методиј ја создале првата словенска азбука – глаголица, која се состоела од 35 или 38 букви.[114] Кон крајот на истата година престанала управувачката и мисионерска дејност на браќата Кирил и Методиј во македонското „словенско кнежество“, поради освојувачкиот поход на бугарскиот кнез Борис. Методиј се повлекол во монашки живот на пл. Олимп во Мала Азија каде се оддал на пишување и преведување книги на словенски јазик. Константин Филозоф, пак, бил испратен од византиската централна власт во 855-856 г. на нова мисионерска работа меѓу Сарацените (Арабјаните) во Багдад со две цели: размена на заробеници и заштита на христијаните кои живееле во Багдатскиот калифат.[115] Во 860 г. Византија била исправена пред нова опасност. Русите, под водство на Асколд и Дир, продреле со флота до Цариград и ја опустошиле неговата околина.[116] Од тоа време Византија стапува во допир со младата руска држава и меѓу нејзиниот народ започнува да развива мисионерска дејност, на која ѝ претстоела голема иднина. Очевидец на нападите бил самиот патријарх Фотиј. Тој пишувал дека не само бугарите, туку и „простодушните руси“ тргнале по патот на христијанската вера, со која се потчиниле на василевсот и станале „негови пријатели“.[117] Верзијата за тоа „прво покрстување на руситe“ било популарно во византиските извори но, немало сериозен одраз помеѓу источните словени, кои останале пагани. Руската опасност ја поттикнала византиската власт да ги зацврсти односите со Хазарите, кои живееле покрај Црното море. Така браќата биле испратени во нова мисија со цел да ја

[113] Дека Методиј цели 10 години како словенски управител дејствувал по струмичко-брегалничките краишта говори запишаното народно предание: „Св. Методиј цели 10 годиниго проповедл на Словените словото божје по Бела река што тече источно од Вељуса на три четвртини час, минува низ с. Водоча и во горниот тек се вика Бела река, а во долниот Водочица“, види: Трайчев Георги, Манастирите в Македония, София 1933, 172.

[114] Според извстувањето во „Солунска легенда“ азбуката се состоела од 35 букви, а според известувањето на Црноризец Храбар во делото „За буквите“ таа се состоела од 38 букви.

[115] Поопширно види: Панов Бранко, Мисијата на Константин Филозоф меѓу Сарацените (Арабите), списание Историја, XX/2, Скопје 1984, 246-248; Поленаковиќ Харампие, Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со посебен осврт на Моравската мисија, Зборник Кирил Солунски, том 1, Скопје 1970, 199-205.

[116] Оболенски Д., Византиски комомвелт, 213 и 219-221, Острогорски Г., Историја на Византија, 280-281, Успенски Ф., Историја византиског царства, 26.

[117] Тъпкова-Заимова Василка, Димитров Димитър, Павлов Пламен, Византия и византийският свят, София 2011, 420.

пропагираат христијанската вера и византиската култура, спротивно на еврејските и арапските влијанија кај Хазарите. Во 862 г., Константин Филозоф се наоѓал во Цариград, а брат му Методиј во манастирот Полихрон, кога во престолнината пристигнало моравско пратеништво кое донело писмо од кнезот Ростислав, со кое тој го молел императорот Михаил III да му испрати учител и епископ кои во неговата земја ќе ја шират „вистинската христијанска вера“ на разбирлив словенски јазик.[118]

Помеѓу 862-864 год. во европскиот југоисток настанало ново прегрупирање на политичките сили и изострување на односите меѓу државите. Велика Моравија ги искористила внатрешните несогласувања во Германското кралство и постигнала значаен успех во војната против него. Закрепнувањето на нејзините позиции во среднодунавските земји го плашело бугарското владеење и интереси над некои тамошни словенски племиња. Тоа довело до изградување на воен сојуз помеѓу кралот Лудвиг Германски и бугарскиот хан Борис во 862 г., кој бил насочен против великоморавскиот кнез Ростислав и неговиот сојузник, синот на Лудвиг, Карломан, управник на обласа Карантанија. Лудвиг Германски, потпомогнат од Бугарите на исток, тргнал во поход против Велика Моравија.[119] Создадената непријатна воено-политичка ситуација го принудила кнезот Ростислав да побара помош од византиската империја.

Византија го помогнала својот сојузник Велика Моравија така што ја нападнала бугарската држава. Бугарската војска која била ангажирана на северозападната граница, не можела да одговори на нападот од Византија. Бугарите биле принудени да го спуштат оружјето. Уште есента 863 г. започнале преговори и следната година бил склучен „длабок мир“ меѓу Бугарија и Византија.[120] И покрај тоа што од овој мировен договор нема сочувано документ, одредбите може да се претпоставаат: бугарскиот владетел требало да му се покорува на императорот на Ромеите и да го прекине сојузот со германскиот крал Лудвиг против Велика Моравија. Бугарскиот владетел, ветил дека ќе се покрсти заедно со својот народ, а

---

[118] Панов Бранко, Светите Кирил и Методиј и нивното македонско и сесловенско дело, Македонија низ вековите, Скопје 1999, 26.
[119] Аџиевски Коста, Петровски Бобан, Историја на Европа во раниот среден век, Скопје 2009, 113.
[120] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 171.

единствена придобивка за него било враќањето на областа Загора но, без црноморските тврдини Несебар, Анхијал и Девелт кои останале во византиски раце. Борис не дал некое големо значење на своето покрстување, кое го извршил тајно и во ноќ, при што го зел името на својот кум, византискиот император Михаил III. „Се покрсти кнезот на Бугарија, Борис, преименуван Михаил, заедно со од Бога дадениот му народ, во годината 6374 (01.09.865-31.08.866 г.).“[121] Борис преку христијанизацијата станал господар на бугарските Словени, кои биле преовладувачки „народ“ кој ја давал силата и моќта на бугарската држава, а тој од хуно-бугарски хан станал словено-бугарски кнез.[122]

Со својата политичка далековидост, бугарскиот владетел Борис-Михаил, ја разбрал смислата на христијанската религија како политичка идеологија во средновековна Европа. Борис-Михаил сватил дека оние европски народи кои нема да го примат христијанството биле осудени да ја загубат својата државност. Во средината на IX век станало јасно дека спротивставувањето на христијанскиот Бог значело не само спротивставување на Византија, туку и спротивсатвување на останатите држави во европскиот југоисток и Средна Европа.[123]

Бугарско-византиското приближување и ветувањето за покрстување од ханот Борис, било опасно за кралот Лудвиг Германски. Изгледа дека, германскиот политички притисок целел кон отстапување на Бугарија од обврзаноста кон константинополската патријаршија. Тоа се гледа од писмото на папата Никола I до кралот Лудвиг Германски од средината на 864 г., во кое папата изразува надеж дека „самиот кнез на Бугарите сака да се покрсти и многумина од самите нив станале христијани“,[124] односно, да станат христијани но, под римски патронат . Бугарско-германското приближување не ги дало очекуваните резултати за Лудвиг Германски. Причина за тоа биле последиците од бугарско-византиската војна.

Византија својот нов сојузник, Великоморавската држава, освен воено, ја помогнала и на духовен план. Всушност Византија сакала со еден удар да постигне

[121] Иванов Йордан, Български старини из Македония, БАН 1970 (фототипно издание), 12; Борис најверојатно бил покрстен на празникот Крстовден - 14 септември 865г.
[122] Златарски В., История на българската държава през средните векове, 42.
[123] Николов Н. Георги, Централизъм и регионализъм в ранносредновековна България, София 2005, 103.
[124] ЛИБИ VII, 62.

двојна цел: воено спротивставување на германско-бугарскиот сојуз, а поволниот исход од тоа ја дало втората цел – наметнување на сверата на влијание на Источната црква. Со ова Источната црква го проширила своето влијание и тоа не само во Велика Моравија, туку и во новопокрстената Бугарија, што било огромна загуба за интересите на Западната црква. Византиската државна и црковна управа покажале голема мудрост доверувајќи им ја оваа важна духовна мисија на солунските браќа и дозволувајќи во словенските земја новата вера да се проповеда на словенски јазик. Заслугата за мисионерската работа кај Словените, Константин и Методиј ја делат со патријархот Фотиј и со кесарот Варда.

По извршените подготовки под раководство на цариградскиот патријарх Фотиј, браќата, заедно со одбраните ученици Климент, Наум и др. во 863 г. заминале за Велика Моравија. Кнезот Ростислав со големи почести ги примил солунските браќа и нивните ученици, давајќи им на располагање и повеќе месни ученици. Но, набрзо дејноста на браќата Кирил и Методиј и нивните ученици наишла на големи пречки од страна на германските свештеници, кои се држеле до воспоставената практика: богослужбата да се врши само на латински, грчки и еврејски јазик.[125] Отпорот на т.н. тријазичници се зголемил особено по заострување на односите меѓу цариградската и римската црква во 867 г. Папата Никола I наредил да бидат доведени во Рим византиските мисионери од Велика Моравија за да дадат отчет за својата работа. Пред да пристигнат во Рим, во Цариград дошло до династички преврат – Михаил III бил убиен и на власт дошол Василиј I Македонец. Од друга страна, пак, умрел и папата Никола I, кој бил наследен од Адријан II. Како резултат на тоа дошло до подобрување на односите меѓу римската и цариградската црква, а словенските браќа биле свечено пречекани во Рим. Папата ги примил словенските книги, ги осветил и ги поставил во црквата Св.Марија, и извршил над нив света литургија, со што и официјално била призната словенската богослужба и писменост.[126] Додека византиските мисионери престојувале во Рим, Константин Филозоф тешко се разболел. Пред својата смрт, во 869 г., тој се замонашил и го добил името Кирил. Бил погребан во црквата Св. Климент во Рим

[125] Јогиќ Ватрослав, Кирил и Методиј и нивните ученици, Скопје 1954, 16.
[126] Сведоштва за Кирил и Методиј, избор на Угриновска-Скаловска Радмила и Басотова Љубинка, Скопје 1989, 50.

со сите почести кои се укажувале на римските папи. Методиј бил ракоположен за архиепископ на Моравија и цела Панонија, каде што бил вратен да ја продолжи мисијата. Архиепископот Методиј дошол во Константоинопол во 883 год. по молба на царот Василиј I за да му помогне околу византиските Словени. Методиј во престолнината оставил двајца свои ученици, еден свештеник и еден ѓакон, за да одржуваат богослужби на словенски јазик во црквите во Константинопол. При оваа посета Методиј со себе зел Библија, Номоканон и Патериканон за да ги преведе на словенски јазик и се вратил назад во Моравија.[127] Од самиот почеток Методиј наишол на големи пречки од германските свештеници, на кои успешно им се спротивставувал сѐ до својата смрт во 885 г. По неговата смрт словенската богослужба била збранета, а неговите ученици дел биле затворени и убиени, а дел прогонети од Велика Моравија. Меѓу прогонетите биле Климент, Наум и Ангелариј, кои пристигнале во Белград, во бугарската држава. По крахот на Великоморавската мисија, Византија премолчно дозволила учениците на Светите Браќа да ја вршат богослужбата на словенски јазик во Бугарија, се со цел да ја задржи истата во сверата на своето влијание.[128]

За својата идна дејност како христијански владетел Борис-Михаил, изгледа непосредно по своето крштевање, од својот духовен учител по прашањата за верата, константинополскиот патријарх Фотиј, добил, специјално послание со наслов „Послание до кнезот на Бугарија, Михаил – од што се состои работата на еден кнез“.[129] Посланието е исполнето со реторичност, христијанска филозофија и историја. Неговата цел било да го убеди во правичноста на христијанството новопокрстениот владетел, да го поучи во неговата нова дејност, а на крај дури и му ветил блаженство на оној свет ако се придржува кон пишаното.

Средината и втората половина на IX век биле окарактеризирани со изострени противречности помеѓу римската и константинополската црква, помеѓу папата Никола I и патријархот Фотиј, кои се бореле за црковно-религиозен печат над уште нецелосно христијанизираниот словенски свет. Бугарскиот владетел се

---

[127] Василевски Тадеуш, България и Византия IX-XV век, София 1997, 82-83.
[128] Атанасовски Александар, Византиискиот модел за разрешување на конфликти, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, книга 61, Скопје 2008, 244.
[129] ГИБИ IV, 59-99.

обидел оваа противречност да ја искористи за своја полза. На 29 август 866 г. во Рим пристигнало бугарско пратеништво кое, покрај многубројните дарови, носело и прашања упатени на римскиот папа.[130]

Истовремено, бугарскиот владетел испратил пратеништво до кралот Лудвиг Германски, кое било примено од него во Регензбург. Бугарите од Германското кралство барале да им бидат испратени епископи и свештеници. Со двојното пратеништво, бугарскиот владетел се надевал на поголема благонаклоност и разбирање од римскиот престол и возобновување на својот сојуз со Лудвиг Германски.

Папата Никола I ги приготвил одговорите на врачените прашања. Бидејќи официјален јазик на бугарската државна канцеларија бил грчкиот, затоа и прашањата на Бугарите, изгледа биле напишани на тој јазик. Затоа било неопходно тие да бидат преведени на латински – единствен јазик со кој се служела канцеларијата. За таа задача се ангажирал игуменот на манастирот Санта Марија – Анастасиј Библиотекар. Според личните укажувања на папата тој ги составил и прочуените „Одговори на папа Никола I по прашањата на Бугарите“.[131] Како историски извор „Одговорите на папа Никола I по прашањата на Бугарите“ (на 115 прашања биле дадени 106 одговори) можат да бидат окарактеризирани како вистинско огледало на степенот на кој се наоѓала Бугарија пред и по времето на покрстувањето. Во прашањата на Бугарите не може да се открие какво и да е длабоко проникнување во догмите на христијанската религија, туку стремеж за осознавање на задолжителните норми на христијанските обреди. Самите „Одговори“ на папата Никола I се во потполна спротивност со „Послание до кнезот на Бугарија, Михаил“ на патријархот Фотиј. Тие ги немаат богословските и литературни достигнувања на Фотиевото послание но, биле поблиски до духот и интересите на Бугарите.

Прашањата на Бугарите имале своја цел: дали може бугарската црква да ракоположи самостоен црковен поглавар – патријарх, и од кого треба да биде извршено неговото ракополагање. Папата Никола I немал намера да дозволи

[130] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 177.
[131] ЛИБИ VII, 65-125.

ракоположување на самостоен поглавар на идната бугарска црква – тоа било противречно на неговата концепција за врховноста на римската црква во целиот христијански свет. Никола I заедно со одговорите, во Бугарија испратил и римски мисионери – епископите Формоза Портуенски и Павел Популонски, кои го проповедале христијанството низ целата земја, а таму пристигнале на 13 ноември 866 г.[132] Истовремено биле пратени и германски свештеници но, по пристигнувањето на римските мисионери, тие се повлекле.

Михаил III врачил протестно писмо на бугарското пратеништво кое дошло во Константинопол до Борис-Михаил, во кое ја осудил промената на бугарската црковна и политичка ориентација. Ова писмо Борис-Михаил го испратил на папата Никола I, со цел да ја покаже својата преданост. Прошетката на бугарската дипломатија во втората половина на 866 г. и почетокот на 867 г. дале силен оддек: политичкиот престиж на Бугарија силно пораснал.

Губењето на бугарската црковна диецеза било, пред сѐ, личен неуспех на патријархот Фотиј но, во испратената енциклика до источните патријарси, во пролетта 867 г., тој направил обид вината да ја префрли на римското духовништво: „Немаше уште ни две години, откако тој народ започна да ја почитува христијанската вера, кога мажи злобни и отвратливи...се изитрија да ги одвраат Бугарите и да ги тргнат од вистинските и чисти догми на непорочната христијанска вера...“.[133] Во енцикликата Фотиј ги набројува сите престапи на Латините: световната власт на папата, претензијата на римската црква на првенство, догматската страна на нивното учење. Догматското учење се однесувало на забрана за женидба на свештениците, причест со безквасен леб, и најбитното, новината која Западот ја внел во никејскиот Симбол на верата дека Светиот дух произлегува од Отецот и Синот „a Patre Filioque“ кое Истокот не сакал да го прифати.[134] Појавата на енцикликата на Фотиј треба да се смета за кулминациона точка во судирот помеѓу Источната и Западната црква и во неа е собран целиот материјал за нивното одвојување. Помеѓу мај-септември 867 г. во Константинопол бил свикан собор на источните цркви, на која служителите на Римската црква биле обвинети за

---

[132] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 179-180.
[133] ГИБИ IV, 100.
[134] Каплан М., Византија, 205.

„отстапници“, „еретици“ и „антихристи“, а самиот папа Никола I бил анатемисан.[135]

Во меѓувреме, кнезот Борис сакал за архиепископ на Бугарија да биде поставен епископот Формоза Портуенски, поради што испратил свои претставници во Рим да побараат Никола I да им ја исполни молбата. Но, неисполнувањето на оваа молба, била една од најголемите грешки на папата Никола I во неговиот однос со Истокот. Пратениците на кнезот Борис морале да го одложат своето враќање во Бугарија, бидејќи на 13 ноември 867 г. умрел папата Никола I. Новиот римски папа Адријан II, поради своја лична нетрпелливост кон епископот Формоза Портуенски, бил уште покатегоричен во одбивање на желбата на бугарскиот кнез.

### II.1.3 Василиј и Фотиј – две глави од едно тело

Во тоа време, во Константинопол дошло до големи промени на императорскиот двор и во црквата. Во Константинопол се случил преврат и на престолот се искачил Василиј I Македонец. Веднаш по доаѓањето на престолот, Василиј го испратил Фотиј во манастир на Босфорот, го вратил Игнатиј на патијаршискиот престол и се обидел да ги подобри односите со Рим.

Вистинските причини за симнувањето на Фотиј сеуште се недоволно јасни. Василиј брзо ја проценил состојбата: сменувањето на Фотиј било неопходно, за пореметените односи во цариградската црква да бидат зацелени со враќањето на протераниот Игнатиј и да се воспостават добри односи со Рим, кој го користел како оружје непотполното канонско издигнување на Фотиј од протоасикрит до патријарх, поради мисионерскиот пораз кој наследниците на св. Петар го претрпеле во Бугарија.[136] Фотиј уживал огромен углед меѓу свештениците и народот, а имал и добри врски во највисоките слоеви на византиското општество, така што, неговото тргнување претставувало прилично ризичен потег. Тој во манастирот бил држен под строг надзор, му бил оневозможен контактот со надворешниот свет, а единствено му било дозволено да се допишува. На страната на Фотиј останале најзначајните претставници на малоазиското свештенство, кои всушност

---

[135] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 181.
[136] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 53.

претставувале друга, неофицијална Црква во Империјата.[137] Иако се наоѓал во тешка положба, Фотиј во исто време морал да ги бодри своите пријатели и приврзаници, кои, поради одбивањето да го признааат новиот патријарх, биле лишени од катедрите и пратени во заробеништво, каде биле изложени на тешки страдања. И не само што бројот на неговите приврзаници не се намалувал, туку кругот на неговите почитувачи во сите слоеви се ширел, а најмногу меѓу монасите. Фотиј, благодарејќи на точните извештаи кои ги добивал за односот меѓу црковните партии, со право се надевал на поволен расплет на ситуацијата и своја рехабилитација.

Византиската императорска и патријаршиска власт направила големи напори, за да ја придобие Бугарија на своја страна. Во периодот октомври 867 – септември 869 г. во Бугарија пристигнале редица византиски пратеништва.[138] Првично ништо не покажувало дека разрешувањето на бугарското црковно прашање би било неуспешно за римската црква. Папата Адријан II и одново издигнатиот на патријаршискиот престол Игантиј (847-858; 867-877) биле сплотени од омразата кон Фотиј. Освен тоа, папството имало потреба од византиската воена помош поради нападите на Арабјаните на Италијанскиот полуостров.

Тргнувањето на анатемите, фрлени над двете цркви, и нивното префрлувањето над поранешниот патријарх Фотиј, се случило на вселенски Собор. Папата Адријан II за прв пат имал можност да се вклучи во работата на Источната црква. Тој не ни помислил дека токму на тој Собор ќе биде разгледано и бугарското црковно прашање.

Откакао пристигнале претставниците на римската црква и на останатите Источни патријаршии (ерусалимска, александриска и антиохиска), на 5 октомври 869 г. во Константинопол започнал со работа Осмиот вселенски Собор.[139] На 4 март 870 г. византискиот император Василиј I ги поканил во дворецот претставниците на целиот христијански свет. Всушност таа средба се претворила во заседание на веќе затворениот црковен Собор. Воведено било и бугарското пратеништво, кое штотуку било вратено од Рим. Нивниот предводник, Петар, пред

---

[137] Успенски Ф., Историја византиског царства, 151.
[138] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 183.
[139] Исто, 184.

сите го поставил прашањето за разгледување на јуриздикцијата над бугарската црква, односно, дали да биде потчинета на Рим или на Константинопол. Папските пратеници категорично одбиле да се разгледува тоа прашање, затоа што соборот веќе бил затворен и немале такво овластување од папата. Пратениците на Источните патријарси, за да дојдат до решение на прашањето, ги прашале Бугарите чии свештеници имало во земјата кога тие ја освоиле. Тоа било клучно за одредување на јуриздикцијата. Бугарите одговориле дека имало грчки свештеници. И покрај протестирањето на римските пратеници, било решено земјата на Бугарите да подпадне под јуриздикција на константинополската патријаршија. По наредба на Василиј I, патријархот Игнатиј го ракоположил Јосиф за архиепископот на Бугарија, со повеќе епископи. Бугарската црква не била автокефална, туку потчинета на Константинополската патријаршија но, со внатрешна автономија.[140] Во византиската хиерархија архиепископот на Бугарија завзел повисок ранг отколку другите византиски архирепископи и митрополити – тој го завземал 16-тото место, доаѓајќи непосредно по патријаршискиот синкел.[141]

Така бугарскиот кнез со вешто искористување на римско-византиското соперништво, ја постигнал својата цел, а Византија повторно за себе ја придобила Бугарија. Оттогаш, и покрај сите протести на Рим, Бугарија останала во крилото на византиската црква и во сферата на византиската култура. Но, со тоа било разнишано пријателството со Рим кон кое се стремел Василиј и за што го жртвувал Фотиј. Всушност за задачите на Византија во словенските земји Василиј имал исти сваќања како и Фотиј, кого го отфрлил, и како Варда, кого го убил. Борбата за Бугарија тој ја продолжил сосема во нивниот дух и на крајот ја добил. Византиското влијание на Балканот значително зајакнало, а тоа за последица го имало брзото ширење на христијанството. Тогаш Србите од Византија го примиле христијанството (меѓу 867-874 год.), па дури и во Хрватска византиското влијание го потиснало влијанието на Франките и на римската црква.[142] Нов и силен поттик, на крајот, добила и византиската мисионерска работа на Балканот, особено во

---

[140] Николова Бистра, Устройство и управление на Българската православна црква (IX-XV век), София 1997, 41.
[141] Bury J.B., The Imperial Administrative System in the Ninth Century with a Revisted Text of the Kletorologion of Philotheos, London 1911, 146. (дигително издание)
[142] Острогорски Г., Историја на Византија, 289-290.

Бугарија и Македонија, со доаѓањето на учениците на Методиј. Со својата словенска проповед и со просветната работа следбениците на Кирил и Методиј го втемелиле христијанството и византиската култура во јужно-словенските земји. Така е воспоставена историски природната положба: Моравија ѝ припаднала на римската сфера на влијание, а јужните словени дошле под влијание на Византија.

Како што одминувало времето, така се подобрувала ситуацијата на Фотиј. При решавање на некои важни прашања, царот Василиј не пропуштал да ја искористи ученоста на Фотиј, што секако повторно го зближило со патријархот. Во 875 г. на Фотиј му било дозволено да живее во Константинопол и му било доверено воспитувањето на идните цареви. На сите набрзо им станало јасно дека, штом остарениот Игнатиј ќе го ослободи престолот, на негово место повторно ќе дојде Фотиј. Кога на 23 октомври 877 г. Игнатиј умрел, Фотиј по три дена се искачил на патријаршискиот престол.[143] Констнтин Порфирогенит за тоа нѐ известува во својата Vita Basilii: „Така Игнатиј, славниот патријарх, свето и богоугодно го заврши својот живот, по што, царот Василиј го постави законито и канонски најмудриот Фотиј на испразнетиот трон на Царицата на градовите“.[144] Односите на Фотиј со царското семејство биле во најдобар ред.

Во наредните девет години од животот и владеењето на Василиј, Фотиј ќе се потруди кон царот да покаже потполна верност, сврзувајќи ја истовремено својата борба против поддржувачите на Игнатиј и папската осуда, со практично јакнење на положбата на патријархот, со поставување на нови постулати кои се однесувале на суштината на визатиското уредување. Смртта на првенецот и наследникот на Василиј, Константин, имала големо влијание не само во односите или заинтересираноста на царот за непосредно мешање во црковните работи, туку и на судбината на Фотиј во крајна линија. Царот во жалост и скршен од тага, бил отсутен во голем дел на заседанијата на Соборот од 879/880 год., на кој патријархот конечно се изборил за триумф, кој претставувал повеќе од едноставна победа над противниците, обезбедувајќи себе си и на своите поддржувачи моќ, како во самата

[143] Исто, 292.
[144] Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, 276-277.

црква, така и во световната политика, каква што ниту еден престолнички архиерej ја немал од почетокот на царската ерес, иконоборството, па наваму.

Уште додека Игнатиј бил жив, царот Василиј не еднаш се обратил до Рим со молба да му се испратат легати, поради помирување на раскараните црковни партии. Папата Јован VIII бил попуслив и спремен на отстапки по повод случајот на Фотиј, со надеж дека Бугарија ќе му биде вратена и дека Далмација ќе остане под римско влијание. Во ноември 879 год. започнале заседанијата на Вселенскиот собор во храмот Св. Софија, во присуство на папски легати. Овој Собор бил посебно значаен поради донесените одлуки, со кои биле допрени сите дотогашни спорови помеѓу Источната и Западната црква. Патријархот Фотиј на овој собир ги држел сите конци во свои раце. Формално, Фотиј на легатите и на папата им оддавал почести и пофалби но, кога требало да се одреди привилегијата на римскиот престол или претензиите на Рим над Бугарија, строго деловниот тон бил заменуван со изразите „предност и братска љубов“.[145] Скоро сите учесници на Соборот биле привrзаници на Фотиј, така што сите негови предлози наидувале на поддршка. Веднаш се видело дека главна тема на Соборот ќе бидат односите помеѓу Западната и Источната црква, кои биле нарушени со одлуките на Соборот од 869 г. Ставот, дека ако папата и патријархот еден кон друг чувствуваат таква љубов, така што тоа ги чини една душа, тогаш нема потреба тие меѓусебно да ги делат црковните провинции, бидејќи, со нив можат да владеат заеднички. Така Фотиј вешто го одбегал прашањето за јуриздикција над Бугарија.[146] Тој успеал да издејствува да се прогласат за неважечки соборите во Рим и Константинопол кои биле свикани против него. Сите учесници на Соборот примиле причест, што било потврда дека Фотиј бил прифатен од Источната и Западната црква, со што мирот меѓу Црквите бил повторно воспоставен. Меѓу другото била донесена и одлука за еднаквост на римската и константинополската катедра,[147] а Седмиот никејски собор бил признат како Вселенски.[148]

---

[145] Успенски Ф., Историја византиског царства, 158.
[146] Спореди: Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 191; Успенски Ф., Историја византиског царства, 160-161.
[147] Бакалов Георги, Византия, 358.
[148] Успенски Леонид, Теологија на иконата, Скопје 1994, 171.

На шестото заседание, одржано на 3 март 880 г. во царскиот дворец, во присуство на царот Василиј и неговите синови, совладетели Лав и Александар, било предложено повторно да се прочита и одобри никејскиот Симбол на верата. Смислата и значењето на превземената мерка лесно може да се разбере, ако се земе во обѕир дека токму во таа епоха во односите помеѓу Западната и Источната црква вниманието почнало да го завзема внесувањето на Filioque во Симболот. На заседанието бил прочитан и прифатен актот, со кој на никејско-константинополскиот Симбол се дало правосилност и со кој е воспоставена негова непроменливост за сите времиња, со што тој бил заштитен од произволни измени. Папските легати не сметале дека требало да стават преамбула, затоа што папата Јован VIII сеуште го немал прифатено додатокот Filioque. Сепак споменатиот член во соборските акти ќе одигра голема улога во историјата на подоцнежните односи измеѓу Исокот и Западот. Царот Василиј I своерачно го потпишал актот од овој Собор: „Јас, Василиј, верен во Христа самодржец и цар ромејски, се согласувам со овој Свет и Вселенски собор во се, значи, и кога е во прашање потврдувањето на Седмиот Вселенски собор, и во поглед на признавањето и зацврстувањето на Фотиј, пресветиот патријарх на Константинопол и наш духовен отец, а исто така и се што се однесува на осуда на сето она што е пишувано против него и искажано. Се наведено потврдувам со своерачен потпис.“[149]

Сојузот помеѓу Црквите и нивното блиско пријателство, не се одржало за долго. Веќе во 881 г. папата Јован VIII во црквата Св. Петар, држајќи го во рацете Евангелието, фрлил анатема на патријархот Фотиј. Папата Јован VIII, пред смртта, направил и последен обид да ги сврти Бугарите кон Рим, испраќајќи писмо со молби во 882 г.[150] Од бугарска страна тоа писмо останало без одговор.

Фотиј до крајот на животот на Василиј настојувал да ја одржи сликата на симфонија на двете власти. Со таквата политика патријархот Фотиј успеал, во една нова прераспределба на силите во Царството кое се менувало и развивало, да обезбеди на црквата поширок простор од оној за кој таа до тогаш успеала да се избори, настојувајќи особено на законитото втемелување на новата состојба, како

[149] Успенски Ф., Историја византиског царства, 162.
[150] Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 191.

залог за чување на освоените права. Штом Василиј I умрел (886 г.), неговиот син Лав VI веднаш го пратил во прогонство тој автократски расположен патријарх, кој му бил и учител, веројатно затоа што му се чинел премногу моќен и дури самоволен. Формулацијата на патријархот Фотиј, која според негови зборови и дела ја симболизира вистината, претставувајќи го тоа како жив одраз на Христос, била во спротивност со традиционалните византиски претстави за хиерархиското потекло: Христос-цар-патријарх.[151] За Лав VI таков црковен поглавар бил неприфатлив во Цариград. Затоа Фотиј морал да замине.

На местото констанинополски патријарх бил донесен Стефан – најмладиот син на Василиј I. Идејата за неговото издигнување во најголемата црковна функција, секако била родена во главата на Василиј, со цел, во кругот на едно семејство да се обединат световната и духовната власт. Имајќи го токму тоа на ум, Стефан додека сеуште бил дете, Василиј одлучил да го „жртвува и дарува на црквата". Нема сомнеж дека со одлука на Василиј, патријархот Фотиј го посветил младиот Стефан за ѓакон и го именувал за патријаршиски протосингел. Кога Василиј умрел, Стефан немал ни 16 години.[152] Сепак, ниту на дворот, ниту во црковните кругови, никој не се противел на неговото издигнување во патријарх. Фотиј бил протеран и неговата понатамошна судбина е потполно непозната. Се претпоставува дека умрел во 891 год.[153]

*   *   *

Царот Василиј навистина брзо се прилагодил на условите во културната средина. Во тој поглед, вниманитето го привлекува неговата градителска дејност. Тој обновил многу храмови, а многу ги доградил и разубавил. Особено го сакал ѕидното сликарство и мозаиците. Понекогаш обновата на црквата била поради лична поврзаност на Василиј со неа – како што е случајот со Св. Диомед близу Златната капија, каде што идниот василевс го примил пророштвото за своето

[151] Кавало Гуљелмо приредио, Византијци, Београд 2006, 239.
[152] Острогорски Г, Историја на Византија,295-296, фус. 68.
[153] Успенски Ф., Историја византиског царства, 179.

издигнување.[154] Во други случаи се работело за поправки на цркви оштетени во земјотерси, како случајот со Св. Апостоли и Света Софија. Василиј посветил големо внимание на Света Софија, на која со укарсување и го вратил нарушениот сјај од иконоборската епоха. Храмот на Св. Апостоли бил украсен со мозаици, додека просторот на ѕидовите под нив бил обложен со мермер. Од останатите градби во Цариград, а надвор од царската палата, се издвојуваа и изградбата на храмот на Богородица на Константиновиот форум, во првите години на владеењето на Василиј. Оваа црква завзела значајно место во триумфалното влегување во градот.[155] Никифор Фока го почитувал обичајот, кој очигледно го вовел Василиј, царот на Форумот да се симне од коњот и да влезе во црквата Св. Богородица, пред да продолжи понатаму низ Месе (или Мезе – главната улица во Константинопол) до Света Софија и Халке.[156]

Средиштето на градителската дејност на Василиј било во царската палата. Во нејзината внатрешност се наоѓале неговите најголеми задужбини, во најголема мара значајни за начинот на сваќање на царското достоинство и идеологија на некогашниот селанец од македонската провинција. Станува збор за обнова на една половина од палатата, чиј дел ја правело палатата Καινούργιον (Нова), или дворецот во кој вообичаено престојувал царот Василиј I.[157] Кенургионот го претставувала световниот дел на царевата програма, украсена со различни зооморфни украси но, и прикази на подвизите на Херакле, како и претстава на царското семејство, а централна фигура секако бил Василиј. Главната задужбина на Василиј била прочуената Νέα μεγάλη ἐκκλησία, Нова Голема Црква, која ја осветил Фотиј на 1 мај 880 год.[158] Петокуполната градба, со впишан крст во основата, имала пет посвети: на Христос, Богородица, пророкот Илија, свети Никола и еден од архангелите, во почетокот Гаврил, додека подоцна е истакнуван Михаил. До неа водел атриум украсен со две фонтани, а околу црквата биле подигнати тераси. Црквата со внатрешни премини била поврзана со дворецот.

---

[154] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 272.
[155] Mango Ciril, The Triumphal Way of Constantinopole and the Golden Gate, Dumbarion Oaks Papers 54 (2000), 173.
[156] Constantin VII Porphyrogénéte, Le livre des céremonies, II, commentarie par Albert Vogt, Paris 1940, 439.
[157] Успенски Ф., Историја византиског царства, 170.
[158] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 68.

Црквата пред се сè издвојувала со своите надворешени и внатрешни декорации. Таваниците на галеријата биле украсени со фрески, на кои биле прикажани подвизите на мачениците, додека ѕидовите биле обложени со мермер. Внатрешноста на црквата била во потполн склад со нејзината надворешност. Позлатата на надворешните куполи се поврзувала со разнобојните мозаици на икони. Во централната купола бил Пантократор, опкружен со ангели. На ѕидовите наизменично се менувале полихромен мермер и мозаици. Иконостасот бил украсен со мермер и драгоцени камења, а во олтарот исто така се блескало од злато и разнобоен мермер. Светиот престол бил направен од материјал повреден од злато. Во централната апсида со својата убавина се истакнувала Богомајката, која пружајќи ги рацете му давала победа на царот над непријателите. Подот бил уметничко дело составено од мермерни плочи во различни бои. [159]

Василиј својата нова задужбина непосредно ја поврзал со основачките традиции на Константин. Денот кој го одбрал за посвета на Неа, 1 мај упадливо потсетува на 11 мај, ден на кој секоја година се одбележувало осветувањето на Константиновиот град. Василиј I создал посебен ден за прослава на својата Нова Голема Црква, кој не бил врзан ниту за еден црковен празник, и на тој начин го нагласил царскиот карактер на новата институција. Неговата Нова Црква во одредена мера ја заменила старата Голема Црква, која станала средште на патријарховата власт. И самиот свесен дека се натпреварува со старите примери, на кои Јустинијан бил само византиски посредник, Василиј ја вградил единствената статуа на Соломон во темелите на Неа, претходно впишувајќи го своето име во неа.[160] Тоа било една постапка која сведочи за личната, духовна и метафизичка поврзаност на ктиторот со својата црква .

Василиј бил особено врзан за свети Илија, кој својата заштитничка улога над семејството на Македонците, ја „потврдил“ на крајот на владеењето на Василиј, кога на неговото празнување дошло до помирување на таткото и синот, поради што градот добил уште еден празник, додека Лав VI во чест на пророкот

[159] Успенски Ф., Историја византиског царства, 170.
[160] Constantin VII Porphyrogénéte, Le livre des céremonies, 455.

напишал свечена песна, пеена на неговиот празник. [161] Најсвечениот дел од прославата на Св. Илија се одвивала во Неа, Новата Црква на Василиј I, каде што се наоѓала капелата на Св. Илија. Тука била поставена и икона на Василиј I, единствена царска икона за која е сочуван спомен.[162] Царевите, предводени од големиот цар, заедно со патријархот палеле свеќа пред иконата на царот Василиј, а непосредно по тоа, го поздравувале патријархот, чие учество во прославата овде се завршувало.[163] Ист ритуал се повторувал и на празникот на осветувањето на Неа, 1 мај, кога царевите на ист начин, со палење на свеќи пред иконата на Василиј I го оживувале споменот на нејзиниот градител. Свет или не, Василиј I се здобил со култ – врзан колку за семејството, подеднакво толку и за царската институција. Неговото славење останало во рамките на царската палата, во која патријархот бил само гостин  кој се повикува и се испраќа, што укажува на длабокото почитување на царската личност, одвоено во голема мера од црковните култови. Тоа најдобро се гледа во разликата на церемониите: патријархот во Неа бил воведуван, додека во Света Софија тој го дочекувал василевсот на вратите на нартексот, што уште еднаш го потврдува царскиот карактер на оваа важна задужбина на Василиј I. Синот на Василиј I, Константин, кој бил прв кој по повеќе од три века бил погребан во мавзолејот на Константин Велики во црквата Св. Апостоли, или жената на Лав VI, Теофано, биле, секој на свој начин, прославени како светители но, царскиот култ бил резервиран за  Василиј I.

---

[161] Constantin VII Porphyrogénéte, Le livre des céremonies, 115.
[162] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије,218.
[163] Constantin VII Porphyrogénéte, Le livre des céremonies, 114-118.

## II.2 Законодавна дејност на Василиј I Македонецот

Византија ја задржала римската законодавна традиција на нејзиното највисоко ниво. Веќе во почетокот на V век Теодосиј II го приредил Теодосиевиот кодекс, во кој се обидел да ги собере сите царски закони кои сеуште биле на сила. На самиот почеток од своето валдеење, во 527 год, Јустинијан му наложил на Трибонијан, квесторот на царската палата, да пристапи кон сеопфатна ревизија на законите.[164] Од таа ревизија бил создаден зборникот на закони Corpus juris civilis, кој се состоел од Институции, учебник за студентите по право, потоа Јустинијановиот кодекс - збирка од важечки царски закони од времето по Хадријан и Дигестии, зборник на правни списи, кои во најголем дел биле составени од правници во III век. Неколку години подоцна Јустинијан, кој и понатака донесувал закони, приредил зборник на нови закони – Новели. За развојот на византиското право големо значење имала Еклогата што Лав III ја објавил во 726 год.[165] Таа била избор на најчесто применуваните одредби на приватното и кривичното право, и го потврдува обичајното право кое се формирало во Византија во VII век.

Нема сомнеж дека потребата за нови закони се повеќе се наметнувала. Латинскиот јазик на кој бил составен Јустинијановиот кодекс, не одговарал на потребите на византиското царство бидејќи тој не бил доволно познат дури и на образованите луѓе . И престолничките, а особено провинцијалните судии морале да составуваат прирачници за интерна употреба, во кој биле внесувани членови за обичајното право, применливо само во одреденото место.[166] Со текот на времето овие месни зборници ги потиснале официјалните закони. Секако дека власта неможела незаинтересирано да го следи она што се случувало во пракса: таа издавала закони според тековните потреби, воведувала нови заповеди и прирачници кои требало да се усогласат со важечките закони. Постепено се менувал и етничкиот состав на Царството, а заедно со тоа биле организирани, со

[164] Каплан Мишел, Византија, Београд 2007, 127.
[165] Эклога Византийский законодательный свод VIII века, вступительная статья, перевод, коментарий, Е.Э. Липшиц, Москва 1965.
[166] Успенски Ф., Историја византиског царства

согласност на владата, цели провинции со нов состав на населението, кое по јазик и по обичаи се разликувало во однос со исконските поданици на Царството.[167]

Првиот одговор на новонастанатите државни потреби го дале царевите иконоборци со своите извонредни закони собрани во „Еклогата“. Главна основа на сите правни норми бил Јустинијановиот закон но, овде биле внесени и измени од современиот период. Всушност, биле внесени многу противречности на Јустинијановито законодавство, а биле превземени од праксата и обичајното право. Некои од одредбите останале на сила и во законите на македонските цареви.

Следниот чекор во историјата на законодавството бил направен за време на владеењето на основачот на Македонската династија. По доаѓањето на престолот во 867 год, сакајќи да го зголеми угледот на династијата која ја основал, а свесен за несреденоста на правните прописи, Василиј I превзел „Чистење на старите закони“ (ἀνακάθαρσις τῶν παλαιῶν νόμων).Формално тоа било превземено против Еклогата на иконоборечкиот император и требало да го замени тој правен акт.[168] Законодавната дејност всушност се должела на фактот што, во втората половина на IX и почетокот на X век, се случиле важни социјално-економски промени во византиското општество – по патот на неговата феудализација, и по патот на засилување на економијата.[169] Основната работна сила во државата веќе не ја сочинувале робовите и колоните, туку новопојавените феудално зависни селани. Господаречката структура исто така била променета: на местото на робовладетелите дошле големосопствениците – феудалци. За тие нови социјални категории неможеле да важат одредбите од Јустинијановиот кодекс и затоа неминовно било да се бараат нови правни регулативи. Токму тоа придонело Василиј I да се зафати со средување на правните односи во државата, да ги „исчисти“ старите закони и да ги прилагоди на новото време! За жал, тоа значајно дело останало недовршено и не обнародено, но претставувало појдовна точка за законодавната дејност на неговиот син Лав VI и е основа за неговите Василики.

[167] Исто, 216.
[168] Щапов Я.Н, Прохирон в восточнославяанской письменности, Византийский временик, том 38, Академя наук СССР, Москва 1977, 48.
[169] Ангелов Димитър, История на Византия, втора част 867-1204, София 1968, 55.

Зачувани се два помали законика на Василиј I: Прохирон и Епанагога. Првиот, Прохирон (Πρόχειρος νόμος) бил обнароден во име на царевите Василиј, Константин и Лав меѓу 870 и 879 год.[170] Како што кажува и самиот наслов, тој претставувал прирачник за практична употреба. Во воведот на Прохиронот се кажува дека целта на законодавачот била да го прочисти веќе постоечкото право и да ги отстрани од него состојбите на постарото законодавство – во случајот главно се зема состојбата на Еклогата. [171] Прохитонот се состел од 40 глави (титули), кои ги опфаќале најважните одредби на граѓанското и јавно право. Дел од нормите во овој законик се совпаѓаат со нормите на Еклогата. Особено останале во сила законите од кривичното право и системот на казни, окарактеризирани со изобилство на телесни казни. Споредено со тоа, во Прохиронот има многу нов законодавен материјал, кој што го нема во Еклогата и тој е земен од Јустинијановото законодавство (пред се од Институциите, додека останатите делови на Јустинијановата кодификација ги користи ретко, и почесто не поаѓа од изворните текстови, туку се потпира на подоцнежните грчки преводи и коментари).[172] Има и неколку оригинални одредби, дадени од законодавачот но, тие се малку на број.[173]

Може да се каже дека преовладувачки дел во новиот законик претставува рецепцијата на Јустинијановото право. Тоа се должи на фактот што, Јустинијановите закони биле создадени за општествено-економски случувања, многу слични со случувањата во IX-X век. Како што е познато, во VI век во византиската империја господарел крупниот земјопосед и во разгледуваниот период тој, исто така, било во подем. Поради тоа во Прохиронот се повторени редица стари одредби околу давањето на земја под аренда. Арендата била често применивана на големите имоти на императорот, световните магнати и црквата во VI век, а тоа останало исто и во новите услови, создадени во византиското село во IX век. И во VI, и во IX век во византиското општество имало значително искористување на робовскиот труд, независно од фактот, што во разгледуваниот

170 Острогорски Г., Историја на Византија, 293.
171 Ангелов Д., История на Византия, втора част, 55.
172 Острогорски Г., Историја на Византија, 293.
173 Ангелов Д., История на Византия, втора част, 55-56.

период, биле посилни феудалните форми на експлатација. Најголем впечаток, што во општи црти се забележува во односот кон робовите е, како што било во VI век, што на робот продолжиле да гледаат како на алат. При тоа се истакнува дека главен извор за робството била војната, кое што е во потполност со духот на завојувачката политика на византиските владетели во IX век. Голем простор во Прохиронот е одделено на прашањето за ослободување на робовите, што било законодавен процес во услови на посилен развој на феудалните односи во тоа време.[174]

Казнените одредби на Прохиронот, кои содржат делови од Еклогата и поголем дел од Јустинијановото законодавство, ги откриваат острите класни противречности во византиското општество и стремежот на господаречките слоеви да задушат секаква појава на незадоволство против власта. Предвидени се остри мерки против еретиците, за заговорниците против императоротот, против оние кои дезертираат кај непријателите итн. Се потенцираат суровите наредби против евреите. Се казнувал со смрт евреин, кој што се осмелувал да говори против христијанската вера или да придобие христијанин роб. [175]

Прохиронот стекнал голема популарност во Византија и останал на сила се до паѓањето на Цариград. Голема популарност законикот на Василиј I стекнал и кај Јужните и кај Источните Словени, а неговиот словенски превод  бил познат како „Градски закон“.[176]

По 879 год. бил составен вториот Василиев законик, Епанагога на царевите Василиј, Лав и Александар, замислен како вовед во подготвуваната голема збирка на закони.[177] Не е сигурно дали Епанагогата е објавена како официјален законик или претставувала само неофицијален нацрт.[178] Како и Прохиронот, и Епанагогата го користи озогласениот законик на Лав III. Епанагогата содржи и ред на нови титули, кои опфаќале различни делови од византиското право. Новите параграфи

[174] Исто, 56.
[175] Исто.
[176] Острогорски Г., Историја на Византија, 294; Щапов Я.Н, Прохирон  в восточнославянской письменности, 48-58.
[177] Острогорски Г., Историја на Византија, 294.
[178] Исто.

на Епанагогата разгледуваат прашања од световното и црковно право, должничкото право, семејните и наследните односи. [179]

Најважна новина на Епанагогата претставуваaат одредбите за правата и должностите на царот, патријархот и други високи достоинственици на црквата и државата; и во него влијанието на Фотиј е препознатливо.[180] Овде дошол до израз идеалниот однос меѓу царството и свештенството, како што го замислувале црковните кругови во Византија по совладувањето на иконоборечката криза. Вниманието го привлекуваат воведните зборови на Епанагогата, како и деловите кој се однесуваат на императорот и патријархот. Тие делови заедно со воведните зборови биле напишани од патријархот Фотиј, којшто дошол повторно на патријаршискиот престолот во 877 год, по смртта на Игнатиј.[181] Целта на амбициозниот патријарх била да докаже, дека во управувањето на римаската држава треба да се дејствува со диархија (двовластие) меѓу световниот владетел, од една страна, и патријархот, од друга.

Во прата глава од вториот член на овој законски прирачник василевсот се дефинира како ἔννομος ἐπιστασία (што би можело да се преведе како законски раководител).[182] Фотиевото одредување и дефинирање на двете глави на државата, царот и патријархот, само по себе не претставувало новина затоа што потекнувало од стари, воглавно антички и ранохристијански примери. Оригиналноста и значењето на овие одредби од Епанагогата се состојат во начинот на кој, во неа, василевсот и првосвештеникот се споредени и поставени еден наспроти друг, така што на духовниот поглавар му е дадена воочлива предност. Во тоа се гледа големата идеја на Фотиј за паралелизам на двете власти, одвоеноста на патријархот од световната власт и неговата, само теоретска, надмоќ над царот. Фотиј бил свесен за опасноста која му се заканува на партијархот од премногу моќен цар, па макар тој цар да има и најправоверни ставови. Неговата смелост во царски законик да внесе вакво сваќање за василевсот – додека од друга страна положбата на патријархот била значително издигната со мистично сваќање за неговата улога и

---

[179] Каждан А.П., Василики как исторический источник, Византийский временик, том XIV, Академя наук СССР, Москва 1958, 56.
[180] Norič Džon Džulijus, Vizantija Vrhunac, za Srbiju Evro-Giunti 2010, 100.
[181] Ангелов Д., История на Византия, втора част, 56.
[182] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 66.

карактер - сведочи не само за некој вид на рамнотежа помеѓу двете власти, која со неговото второ доаѓање на патријаршискиот престол била воспоставена, туку и за блага надмоќ над царот Василиј I, кој бил тешко погоден од смртта на својот првенец Константин во септември 879 год. [183] Новината на патријархот Фотиј и значењето на воведните членови на Епанагогата се наоѓаат во формулите, зборовите-симболи кои биле употребени за василевсот, патријархот но, и законите да се дефинираат и објаснат.[184]

Царевите на македоската династија и нејзиниот основач Василиј I, затекнале малку нејасна состојба во односите помеѓу двете власти, со непотполно зараснати рани од предходните времиња. Свеста за вистинските односи помеѓу царската власт и престолничката црква, односно фактичката надмоќ на световниот поглавар и опасноста која ја крие таа состојба, нашле најдобар израз во напорите на учениот патријарх јасно да ја одреди суштината и положбата на двете власти, можеби дури и пред нивната поделба. Фотиј ја сватил големата идеолошка празнина која настанала после иконоборството, ереста која ја создале и одржувале царевите. Еден од проблемите се наоѓал во тоа што ни новите, ортодоксни владетели, не покажувале многу волја да ги напуштат начините на постапување на царевите еретици кон црквата. Христос-црква-патријарх била нераскинлива шема која стоела како основа за сите права на патријархот, со нагласување за неговата посебна поврзаност со втемелувачот на црквата.[185]

Скривајќи се зад старата, популарна и често користена слика за поделба на власта помеѓу царот и патријархот, во која секако добил дел кој му припаѓа по воспоставената слика на поделба на светот световно/духовно, Фотиј спровел многу важно дефинирање на овие два столба на вселената. Во напорите за самостојноста на духовникот во својата свера, Фотиј покрај поделбата на надлежностите, го поделил и карактерот на двете власти. Василевсот бил посветен, а патријархот сакрализиран. Термините кои ги означуваат, доволно сведочат сами за себе: за царот ἔννομος ἐπιστασία (законски раководител), за патријархот εἰκών ζῶσα Χριστοῦ

---

[183] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 102.
[184] Станковић В., Цариградски патријарски и цареви македонске династије, 205.
[185] Исто, 228.

(вистинска слика на Христа).[186] Озаконувањето на царот било големо дело на Фотиј, а законите биле истакнувани како најважни подпирачи на општеството. Византиски идеал бил царот да биде ἔννομος и да ги почитува законите, како пример за поданиците. Настојувањето на владетолот да донесува и да се придржува кон добрите закони било правило кое го повторувале и едната и другата страна, и патријарсите и царевите.

Според Епанагогата, државно-црковниот организам претставува идеално единство, над кое се издигнуваат царот и патријархот, кои како поглавари на вселанета, во совршена слога се грижат за благосостојбата на човештвото: световниот поглавар се грижи за материјалното, а духовниот за нематеријалното богатство на поданиците.[187] Влијанието на оваа наука врз државно-црковните односи во Византија важело како идеал, без разлика колку овој идеал се разликувал од реалноста. Во суштина, власта на василевсот била посилна од власта на патријархот и тој го имал решавачкиот глас не само во световните, туку и во духовните дела, односно, во работата на црквата.[188] Победата на Фотиј посведочена во Епанагогата била во исто време и најава за неговиот конечен пораз од царската власт со одлуката на Василиј, Стефан да го предодреди за иден патријарх. Се што успеал, па макар и наизглед, да се избори кај стариот цар, било срушено со енергична акција на наследникот на Василиј I и негов ученик, Лав VI, веднаш по превземањето на престолот.

Изгледа дека законодавното прашање од крајот на IX и полетокот на X век го привлекувало вниманието на власта, бидејќи го предизвикало ангажирањето на правниците од тоа време. Тука пред се треба да се истакне дека синот и наследник на Василиј I, Лав VI направил огромен законодавен подфат со издавањето на своите Василики (Βασιλικά νόμισμα). Треба да се каже дека издавањето на Василиките не било лично дело на Лав VI, туку било резултат на еден општ законодавен подфат, превземен во предходниот период, во кој се манифестрирале Прохиронот и Епанагогата, издадени во времето на Василиј I. „Чистењето“ претставувало главна задача на сите законодавни подфати. Главниот подфат

[186] Исто, 254.
[187] Острогорски Г., Историја на Византија, 295.
[188] Ангелов Д., История на Византия, 57.

превземен со оваа цел во времето на Василиј I не бил завршен за време на неговото владеење. Во 886 год. тоа било продолжено, овој пат веројатно на поширока основа. Царските закони на Лав Мудриот, објавени во првите години од неговото владеење, биле поделени во 60 книиги и 6 томовии претставувале најголема збирка од закони на византиското царство.[189] Василиките биле прегледна збирка на канонско, граѓанско и јавно право и, пред сѐ, имале предност поради тоа што биле напишани на грчки јазик.

[189] Острогорски Г., Историја на Византија, 298.

# III. Воени и дипломатски дејствија

## *III.1 Зацврстување на византиското влијание на Балканот*

За задачите на Византија на Балканот, Василиј знаел дека преку наметнување на христијанството под патронат на Цариградската патријаршија всушност добива свои верни политички сојузници. Во тој дух ја продолжил и борбата околу Бугарија и на крајот ја добил.[190] Ја продолжил и мисионерската дејност во Русија[191] и работата на покрстувањето на Словените во западниот дел на балканскиот полуостров, а според тоа и на ширењето на културното и политичко влијание на Византија во тие области.

Византиското влијание во западниот дел на балканскиот полуостров ослабело за време на иконоборската криза. Изгледа дека во првата половина на IX век далматинските градови и словенските племиња во приморјето и во внатрешноста ја прекинале врската со Византија. За тоа нѐ известува Константин Порфирогенит во своето дело „За народите“. Тој во 29 глава го пишува следново: „Затоа што царството на Ромеите, поради млитавост и неспособност на тогашните цареви дошло до работ на потполна пропаст, а особено за Михаил Д’ткавиот од Амореја[192], жителите на далматинските градови станале самостојни, не покорувајќи се ни на царот на Ромеите ниту на било кој друг, па уште и тамошните племиња на Хрвати и Срби и Захумљани и Травуњани и Конављани и Дукљани и Пагани, се одвоија од царството на Ромеите, станаа самостојни и независни, не покорувајќи се на никого“.[193] Присутно е мислењето дека царот Константин Порфирогенит тенденциозно пишувал за времето на својот дедо Василиј I[194], сакајќи да го зголеми неговото значење како основач на новата династија и спасител на царството на Ромеите. Всушност во прашање бил долг процес на слабеење на византиската власт која врвот на кризата го достигнала во времето на Михаил II. За политичките врски воспоставени во тоа време помеѓу словенските племиња во Далмација не

---

[190] Види погоре: 36-41.
[191] Острогорски Г., Историја на Византија, 288.
[192] Михаил II (820-829), основач на аморијаската династија во Византија, која владееела се до 867 г.
[193] Византиски извори за историју народа југославије, Том 3, Београд 1959, 14.
[194] Види коментари: Константин Баграянородный, Об управлении имперей, текст, превод, кометнарий под редакцей Г.Г. Литварина и А.П. Новоселцева, Москва 1989, 364.

може да се каже ништо со сигурност но, сигурно е дека во тогашните околности тешко дека можеле да опстојат без поддршка од некоја надворешна сила.

Арабјаните, од 839 год. ги започнале своите напади на брегот на Далмација, а Византија во време на Михаил III загубила низа приморски градови: Будва, Ристан и Котор. Во 866 год. Арабјаните решиле да тргнат во освојување на Дубровник (Ραγούσιν), кој во тоа време бил најдобро утврдена точка на далматинското приморје. Во тоа време Дубровник бил богат град и со своето богатство бил прочуен во целиот среден век. Тој бил во состојба да се одбрани од непријателите, така што на Арабјаните не им пошло од рака да го освојат градот, иако го држеле градот под опсада цели 15 месеци.[195] Сепак стравот од Арабјаните ја натерал власта во Дубровник да се обрати за помош до византиското царство.[196] Царот Василиј I, кој само што стапнал на престолот, ја проценил ситуацијата и пратил силна флота за одбрана на Дубровник, во чиј состав имало 100 воени бродови.[197] Арабјаните, не дочекувајќи ја византиската ескадрила на чие чело стоел прочуениот адмирал, или друнгар на флотата, Никита Ориф ја кренале опсадата, го напуштиле брегот на Далмација и се вратиле во Бари.

Врз основа на познавањето на приликите во басенот на Јадранското море во IX век, сосема е јасно дека флотата која ја пратил Василиј I за помош на опседнатиот Дубровник (868) после подолго време била прва поголема византиска воена акција на овие простори. Постигнатиот успех довел до суштински промени за положбата и позицијата на царството на Ромеите, пред се на брегот на Далмација и во нејзината позадина, а тие промени можат да се разберат благодарејќи на податоците на списите на Константин Порфирогенит и на други извори.[198] Во 29-тото поглавје на DAI, Константин Порфирогенит наведува дека по повлекувањето на Арабјаните од Дубровник, Василиј I склучил сојуз со германскиот цар Лудвиг II

---

[195] Stevović Ivan, Byzantium, Byzantine Italy and the Cities on the Eastern Coast of the Adtiatic: the Case of Kotor and Dubrovnik, Зборник радова византолошког института, XXXIX, Београд 2001/2002, 165.
[196] Константин Порфирогенит за овој настан известува во неговите дела, со тоа што во Vita Basilii и во De Tematibus се кажува дека дубровничките пратеници биле пратени во времето на Михаил III, а на престолот го нашеле Василиј I, додека во De Administrando Imperio се наведува дека загрозените дуровничани се обратиле за помош на Василиј I; види: Ферјанчиħ Божидар, Далмација у спису De Administrando Imperio, Зборник радова Византолошког института, XXIX- XXX, Београд 1991,14.
[197] Успенски Ф., Историја византиског царства, 98.
[198] Ферјанчиħ Божидар, Василије I и обнова византиске власти у IX веку, Зборник радова Византолошког института, XXXVI, Београд 1997, 13.

и римскиот папа Хадријан II и пратил војска во Лангобардија, во Бари, во која по царева заповед учествувале Хрвати, Срби, Захумљани, Травуњани, Конављани, со сите останати од градовите на Далмација, а нив со свои бродови ги донеле дубровничаните.[199] Меѓутоа, византиската флота составена од 400 бродови, проценувајќи дека под ѕидинте на Бари нема доволно копнена војска, се повлекла во Коринт. Вистинската непосредна последица од успешната интервенција на флотата на Василиј I кај Дубровник била обновата на власта на царството на Ромеите над далматинските градови и некои јужнословенски племиња населени покрај јадранскиот брег, чии припадници ги исполнувале обврските кон царот, кои се состоеле во пружање на воена помош. Затоа учествувале во споменатата византиска сила која била пратена кај Бари.

Слабеењето на франечкото и византиското влијание во Далмација и арапските поморски напади на крајбрежното подрачја, ги поттикнале Словените да се свртат кон бродоградителство и поморство. Меѓутоа,  највапжно случување во животот на овие Словени било тоа што тие влегле во видокругот на византиската политика и што, од гледиште на офанзивата на Византијците против Карловата империја, интересно е да се забележи дека политичката и црковна мисија на византиското Царство и Црквата меѓу Словените од далматинското приморје е во потполен склад со слични мисионрски успеси на Византија во Русија, Моравија и Бугарија. [200] Еве што за случувањата во Далмација, за време на владеењето на царот Василиј I, кажува Константин Потфирогенит: „Овие племиња, како што кажуваат, немаат архонти, туку само старци жупани, на ист начин како и останатите Склавинии. Повеќето од овие Словени останале непокрстени. За Василиј, христољубивиот цар, испратиле пратеници кои барале и молеле некрстените меѓу нив да ги покрсти и да бидат, како од почетокот, потчинети на царството на Ромеите. На ова блажениот и прославен цар, сослушувајќи ги, им прати царски претставник со свештеници и ги покрсти сите оние кои до тогаш не биле крстени, и по нивното покрстување им постави архонти, кои тие ги сакале и избрале, од родот од кој тие сакале. И оттогаш до денес архонтите кај нив се од

[199] Византиски извори за историју..,17-18.
[200] Успенски Ф., Историја византиског царства, 102.

истите родови и не од некој друг".[201] Секако во ова соопштение ние треба да ги разгледаме мотивите кои им се препишуваат на Словените и со кои се објаснува нивниот премин во христијансто и желбата да се потчинат на Византија. Само по себе се разбира дека присуството на флота под команда на Никита Ориф во водите близу брегот на Далмација, по своја прилика, овде имало поголемо значење од доброволен избор. Но, вкупниот резултат на византиската политика не подлежи на никаков сомнеж: на јадранското приморје дел од Словените се приклучиле на Источната црква и на тој начин влегле во сверата на политичка и црковна борба, која била во тесна врска со кирило-методиевото прашање.

Јакнењето на византиската присутност во Далмација во средината на IX век може да се следи од нејзиното издигнување од архонтија, односно подрачје во кое сеуште нема византиска војска, во тема, односно во провинција со византиска војска предводена од стратег како врховен воен и цивилен раководител.[202]Првиот податок за архонтијата Далмација потекнува од Тактиконот на Успенски (датиран 842/3 год.), ранг листа на византиски чиновници од крајот на првата половина на IX век, каде што ὁ ἄρχων Δαλματίας е споменат на прилично ниско место.[203] Власта на брегот на Далмација и во нејзините градови доживеале суштински промени кога овде била основана тема, облик на провинцијална управа која се наоѓа само во оние краеви каде што има цврста византиска власт. Поставено е прашањето за времето на основањето на темата Далмација, чиј стратег е спомнат во Филотиевиот Клиторологион[204], ранг листа на византиски чиновници од септември 899 год., а за него постојат и податоци во 30-тата глава во Списот за народите[205]. Поаѓајќи од анализата на релевантни изворни податоци, Ј.Фергула детално го разгледал прашањето за времето на основање на темата Далмација, па заклучил дека тоа се случило за време на владеењето на Василиј I, а по успешната акција на царската флота под Дубровник и повлекување на Арабјаните од бедемите на градот (868 год.). Ј.Фергула сакал и поблизу да го одреди претворањето на Далмација во тема,

---

[201] Византиски извори за историју..,16.
[202] Margetić Lujo, "Provincijalni arhonti" Taktikona Uspenskog (s osobitim obzirom na arhonta Dalmacije), Зборник радова Византолошког института, XXIX- XXX, Београд 1991, 45.
[203] Острогорски Георги, Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевича, ЗРВИ 2 (1953) 40-48 = Сабрана дела III , Београд 1970, 157-168.
[204] Bury J.B., The Imperial Administrative System in the Ninth Century..,137.
[205] Византиски извори за историју.., 26-36.

претпоставувајќи дека тоа, по своја прилика, било сторено 871-2 год.[206] Опфатот на темата Далмација ни го дава Порфирогенит во неговиот спис „За народите“: „Во дамнешните времиња Далмација почнувала од околината на Драч, односно од Бар и се простирала се до горета на Истра, а во ширина зафаќала до реката Дунав. Целата таа област беше под власта на Римјаните и беше провинција (θέμα), пославна од сите останати западни провинции; но, сепак словените ја завземаа...“[207]

Според плановите на Василиј, Далмација требало да одигра важна улога на поморска база. Освен тоа, тој преку Далмација можел успешно да интервенира и во внатрешноста. За да ја постигне таа цел Василиј I не можел да се подпира на дотогашната слаба управа предводена од архонт. На негово место морал да дојде царски функционер, послушен извршувач на царските заповеди, кој точно би ги извршувал наредбите од Цариград. Во тоа е и смислата на издигнувањето на Далмација во ранг на тема и тоа би било суштината на управната реформа на Василиј I во Далмација.[208]

За време на царот Василиј I врзана е уште една значајна случка од животот на приморските градови кои ја сочинувале византиската тема Далмација. На крајот од 30-тата глава од Списот за народите се кажува дека жителите од тие градови, заради нападите на Паганите побегнале од островите, а на копното при обработката на земја им сметале Хрватите. Затоа се обратиле на Василиј I, кој наредил сето она што предходно го должеле на стратегот од сега да го даваат на Словените и со нив да живеат во мир, а на стратегот да даваат само нешто малку, како знак на потчинетост и покорност на царевите на Ромеите и на стратегот. Оттогаш градовите Сплит, Трогир, Задар, Црес, Раб и Векла плаќале на Словените одреден данок од вкупно 710 номизми, а Дубровник плаќа по 36 номизми на архонтите на Захумљаните и Травуњаните, затоа што неговите жители имаат лозја и во едната и во другата земја. [209]

Сега претстои задачата за разгледување на податоците за најмалку познатиот сегмент од политиката на Василиј I на Балканскиот полуостров –

[206] Фергула Јадран, Време настанка теме Далмације, Зборник Филозофског факултета 3, Београд 1954, 64.
[207] Византиски извори за историју.., 28.
[208] Фергула Јадран, Византиска управа у Далмацији, Београд 1957, 71.
[209] Исто, 36.

доведување под власта на Царството на архонтот на Србија, која се наоѓала во внатрешноста, како што кажува Константин Порфирогенит, од страната на ридот во однос на Дукља, Травунија и земјата на Захумљаните, а на исток од Паганија и Хрватска. Ако воопштено се размислува за состојбата во внатрешноста на Балканскиот полуостров до средината на IX век, дел од Јужните Словени создале нови државни организации на територијата која до нивното населување припаѓала на Византија и која царствто, без разлика на реалната состојба, и понатака ја сметала за своја. Тие државни организации Словените ги развивале под влијание на Византија. Сметајќи се за наследник на Римското царство, Византија полагала право на власт во сите некогашни нејзини области, па врз основа на тоа и владетелите во нив ги третирала како нејзини потчинети, онака како што биле сите оние што живееле внатре во тогашните граници на Византиското царство.[210]

Треба да се запрашаме какви промени настанале во Србија во втората пловина на IX век, иницирани од успешната интервеција на царот Василиј I кај Дубровник (868 год.) и јакнењето на царството на Ромеите на далматинскиот брег. Суштината на промените опишани во 29-тото поглавје од Списот за народите би се свела на следново: наведените племиња – Хрвати, Срби, Захумљани, Травуњани, Коновљани, Дукљани и Пагани, немале архонти, туку само старци жупани, како и останатите Склавинии. Тие пратиле пратеници на царот Василиј I, молејќи го некрстените меѓу нив да ги покрсти и да бидат како од порано потчинети на царството на Ромеите, па царот им пратил свештеници да ги покрсти и им поставил архонти кои тие ги сакале. Иако во наведените искази има малку конкретни податоци во врска со тоа што навистина се случувало во Србија, во потрага за попотполни сознанија за тоа можат да ни помогнат вестите од 32-то поглавје од Списот за народите, кое е замислено како една кратка историја на Србите.[211] Овде се наведени низа српски владетели – архонти, а прв српски владетел за кој може поконкретно да се одреди времето на владеење бил Властимир. Против Властимир

[210] Фергула Јадран, Византија и постанак најранијих јужнословенских држава, Зборник радова византолошког института 11, Београд 1968, 55
[211] За оцена на карактерот на таа глава в. Максимовић Љубомир, Структура 32. главе списа De administrando imperio, Зборник радова византолошког института 21, Београд 1982, 25-32.

војувал бугарскиот владетел Пресијан, за кој се знае дека владеел 837-852 год.,[212] па според тоа Властимир вледеел во средината на IX век. Понатаму се кажува дека него го наследиле синовите Мутимир, Стројмир и Гојник и ја поделиле земјата. За време на нивното владеење бугарскиот владетел Борис (852-889)[213] тргнал во војна против нив во 869 год. но, Србите ја поразиле бугарската војска.[214]

Она што е кажано во 29-тата глава во списот за народите – дека Василиј I постави архонти кои Србите ги сакале и од родот кој тие го сакале, се однесува на доаѓањето на власт на синовите на кнезот Властимир и нивната поделба на Србија, што било изведено во согласност со царот на Ромеите. Тука, пред се, треба да се потсетиме дека во приказната на царот писател воспоставувањето на византиската власт се поврзува со покрстувањето на јужнословенските племиња. Треба само да се истакне воочениот факт дека во семејството на Мутимир и неговите браќа се јавуваат првите христијански имиња: тоа се синот на Мутимир – Стефан и синот на Гојник – Петар. Стефан и Петар биле родени помеѓу 870 и 874 година и нивните татковци „биле христијани во првите години од владеењето на царот Василиј I“.[215]

Процесот на христијанизација започнал многу рано, скоро од моментот на населување на Србите и Хрватите но, течел испрекинато. При тоа се менувале и центрите од кои непосредно потекнувале мисионерската дејност. Преобразбата која се случила во IX век ги имала основните предуслови: активно враќање на Византија на Јадранот, растење на соперништвото помеѓу Рим и Цариград и растење на интересот на двата центри за зацврстување на сверите на интерес преку ширење на сопствените, меѓусебно различни политички и верски, ако не и цивилизациски, модели.[216] Остварувањето на сите тие предуслови, го дале конечениот успех во христијанизацијата на Србите и Хрватите кој бил постигнат во текот на IX век. Ако тоа не било дело на словенските апостоли Кирил и Методиј, тоа било, слободно кажано, во нивно време, што не би било обична коинциденција.

---

212 Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България, 159.
213 Исто, 169.
214 Исто, 186-7.
215 Ћирковић С., Историја српског народа I, Београд 1981, 151.
216 Максимовић Љубомир, Покрштавање Срба и Хрвата, Зборник радова византолошког института XXXV, Београд 1996, 173.

Меѓутоа, понатамошните историски текови низ следните векови ја одредиле различната судбина на христијанството кај Србите и Хрватите.

## *III.2 Византиско пробивање на исток*

Додека византиската флота била на Јадранот, главнината од војската била упатена на Исток. Таму царството немало еден непријател, туку два: Сарацени (Арабјани) и павликијани. Бројот на павликијаните постојано растел и тие се шireле на запад преку цела Мала Азија.[217] Павликаијанството, како дел од средновековната историја, се јавува во Византија, во нејзиниот азиски дел, поточно во темата Арменијакон.

Павликијанското учење има врска со култот на апостол Павле, кој бил негуван и особено јак во источните области на византиската империја. Ако собереме одредени мисли од делата на црковните писатели, од црковните акти и други документи, можеме да заклучиме дека култот на апостолот Павле постоел на Истокот од најстари времиња како спротивност и антитеза на култот на апостол Петар, кој бил негуван на Западот.[218] Радикалното непријателство кон централната власт, како еден вид борба за економски опстанок и национална афирмација, укажува на скриени тенденции на раното павликијанство кое започнува да ја изградува својата теологија независно од никејската и халкедонската догма, што подоцна ќе претставува основна верска и духовна подлога на павликијанството. Павликијанството станува видливо еретичко движење дури по крахот на манихејството (крајот на VI – почетокот на VII век), како реакција на една општа резигнација која ги зафатила жителите на источните провинции на империјата.[219] Верското учење и политичката програма на павликијаните недоволно се документирани. Делото на Петар Сикул кое ги содржело најважните учења на павликијаните само делумно е сочувано.[220] Ескоријалскиот ракопис на Хрониката на Георги Монах, формулата на проколнување и Паноплија на Евтимиј Зигабен

[217] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 98.
[218] Тодоровска Весна, Павликијанството и неговото ширење во Македонија, сп. Историја XLIV 1-2, Скопје 2008, 72.
[219] Ангелов Димитър, Богомилството, София 1993, 83.
[220] Исто, 87.

претставуваат наши главни извори.[221] Црковните отци често, полемизирајќи со павликијаните, ги имале во вид манихеите, како Јован Дамаскин [222] или патријархот Фотиј [223], што нас нѐ става пред многу нерешени проблеми.[224]

Царицата Теодора[225] чија цел била идејата за триумф на православието, превзела крвави походи со кои ги принудила следбениците на павликијанското учење да ја напуштат нивната татковина. Еден дел од нив биле принудно преселени во темата Тракија, додека повеќето биле преселени во пограничната арапска област. Така тие станале штит помеѓу Царството и калифатот и верни сојузници на муслиманите во борбата против Византија. Павликијаните под водство на Карбеј и неговиот наследник Хризохир нанеле многу штета на Византијците и долго ги држеле во страв малоазиските теми.[226] Центар на нивната политичка и воена моќ била тврдината Тефрика, која се наоѓала на горниот тек на Еуфрат, во близина на темата Колонеја.

Кога Хризохир го превзел водството над павликијаните во 863 год., превзел напади кон Царството, успеал да дојде до Никомедија и Никеја и ја опустошил тракезијската тема, каде што, покрај другото, нанел и тешка навреда на религиозните чувства на Византијците, осквернавувајќи го храмот на Јован Богослов.[227] Царот Василиј I сметал дека е повеќе од потребно да воспостави мир со павликијаните и да го обезбеди царството од нивните напади. Со таа цел во 869 год. од Константинопол во Тефрика било упатено пратеништво предводено од Петар Сикул (Сицилиски). Нему му било наложено со павликијаните да склучи мир и да им даде драгоцени подароци. Вестите кои Петар му ги донел на царот не биле ни малку утешителни, иако тој за време на својата мисија добро се запознал со учењето на павликијаните и ја напишал нивната историја.[228] Помеѓу останатото

221 Драгојловић Драгољуб, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, Београд 1974, 200.
222 Цоневски Илия, Патрология, София 1986, 459-465.
223 Хунгер Херберт, Империя на Ново средище – Християнският дух на византийската култура, София 2000, 175.
224 Поопширно за павликијанството в. Драгојловић Драгољуб, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, Београд 1974; Ангелов Димитьр, Богомилството; Тодоровска Весна, Павликијанството и неговото ширење во Македонија, 71-81.
225 Мајка на Михаил III, која владеела во негово име 843-856 год.
226 Успенски Ф., Историја византиског царства, 181.
227 Исто.
228 Ангелов Д., Богомилството, 87.

Петар го известил царот за тоа дека павликијаните контактираат со Бугарите и дека настојуваат да ги придобијат за своето учење, а тоа премногу допирало до суштинските интереси на царството. Сепак, најлошо од се било што Хризохир изразувал претензии на малоазиските провинции. Така пролетта 870 год. Царството започнало војна против павликијаните. Многубројната војска која тргнала кон Тефрика била предводена од царот Василиј I. Меѓутоа походот бил неуспешен и царот бил принуден да се врати во Константинопол. Хризохир повторно започнал да ги пустоши византиските области и стигнал се до Анкира, заробувајќи по пат мноштво народ и обогатувајќи се со голем воен плен во 872 год.[229] Тогаш царот одлучил на источната граница да го прати доместикот на схола Христофор, кој во темата Харсијанон превзел одлучувачки напад и успеал да ги победи изненадените павликијани. Хризохир во борбите бил ранет и фатен, а Византијците му ја отсекле главата. Василиј I на павликијаните им нанел таков удар што тие никогааш повеќе не се опоравиле за да би претставувале значајна воена или политичка сила во Византија, на нејзината источна граница. Но, павликијанството како духовно учење продолжило да егзистира на територијата на Византија и тоа не само во источните провинции, туку и во балканските провинции во близината на престолнината. Некои истражувачи се склони во павликијанските колонии во Тракија и Македонија да го бараат решението за богомилството[230], кое во наредните векови ќе биде вистинска „главоболка“ за Империјата.

Победата над павликијаните не треба да се смета како случка од внатрешната политика. Напротив, тоа бил значаен надворешно-политички успех, кој непосредно допирал до интересите на муслиманскиот елемент. Во текот на IX век Арабјаните продреле длабоко на запад. Границата помеѓу византиската и арабската територија, која често била нарушувана, одела долж Таурус, на југ до темата Ликандос, а потоа тргнувала на исток и, оставајќи ја под власт на муслиманите Мелитена, водела кон југоисточниот брег на Црното море, долж границата со Ерменија. Бидејќи дел од павликијаните од Византијците побегнале во арабјанските области и нашле заштита кај муслиманите, во пролетта 873 год.

[229] Успенски Ф., Историја византиског царства, 182.
[230] Види: Ангелов Д., Богомилството, 101-108.; од истиот, Византия – духовна култура, 195.; Драгојловић Д., Богомилство на Балкану и у Малој Азији, 190-191.

било одлучено да се тргне во нов поход на Исток, со цел да се освои пограничниот муслимански град Мелитена, до кој во тоа време била границата помеѓу Византија и Арабјаните.

Пред да пристапи кон опсада на Мелитена, царот Василиј I, превземајќи ја врховната команда над војската, одлучил да освои други погранични утврдувања, и според потребата, да ги срамни со земја или дополнително да ги утврди. Станува збор за Запетра и Самосата на Еуфрат, утврдувања кои често се спомнуваат во историјата на војните на Царството со Персијците и Арабјаните. При завземањето на Запетра и Самосата во 873 год., Византијците се здобиле со голем воен плен, а биле и ослободени голем број на заробени христијани.[231] После овие воени успеси, Царот стигнал до ѕидините на Мелитена, која требало да ја освои со опсада. Бидејќи претрпел неуспех во потфатот превземен против Мелитена, царот Василиј се осветил така што ја опустошил областа која предходно ја завземале павликијаните. Успепехот на византиската политика во подрачјето на Таурус, бил следен од понатамишни маневри против муслиманите. На византиска страна преминале утврдувањата Лулу, Милос, Катаватала и други.[232] Овие успеси, остварени во текот на 877 год., донеле на Византијците извесна превласт на источната граница и  му овозможиле на Василиј во наредните години одлучно да тргне против Арабјаните. Во 878 год., Арабјаните ја нападнале јужна Кападокија (тема Анатолика). Иако земјата била опустошена и многу луѓе заробено, Византијците го нападнале и го поразиле непријателот отежнат од плен. Во 879 год., византиската акција добила уште пошироки размери. Бидејќи некое време застанал во градот Цезареа, Василиј дел од војската упатил напред, а самиот останал да ги предводи силите во одлучувачка акција против Арабјаните. Овој пат Василиј постигнал значаен успех. Неколку тврдини се предале, а емирите на Аназарба и Мелитина побарале спас во бегство. По враќењето од победничкиот поход, царот Василиј во Константинопол бил сведок на случувањата поврзани со повторното издигнување на патријартријархот Фотиј. Меѓутоа, во работата на

[231] Острогорски Г., Историја на Византија, 291.
[232] Успенски Ф., Историја византиског царства, 184.

соборот 879/880 год. тој не учествувал, поради тоа што неочекувано го изгубил синот Константин, со кој бил на походот кон Исток.[233]

Сепак, војната на Истокот не била прекината, туку пренесена северно, во Месопотамија. Василиј уште еднаш лично го превзел походот кон тие области. Во центар на вниманието била Мелитена: се додека таа сѐ наоѓала во рацете на Арабјаните, Византија не можела да биде спокојна. Додека другите утрдувања биле одвоени со планински превои и клисури, Мелитена како клин длабоко допирала во територијата на Византија. Во летото 882 год. Василиј повторно превзел поход на Мелитена, со цел на Арабјаните конечно да им го одземе важното упориште.[234] Но, и овој пат потфатот завршил неуспешно. За да ја лиши Мелитена од поддршката на соседните арапски племиња, Василиј се обидел да превземе заобиколен маневар. Сакал да ја освои Германикеја но, градот бил заштитен со бедеми, и Арабјаните не влегувале во директен судир. Бидејќи се ближела зимата, царот бил принуден да го прекине походот и да се врати во престолнината. Во септември 883 год., била пратена византиска војска кон Тарс, меѓутоа таа доживеала тежок пораз во кој ги изгубила воениот командант и стратезите на темите Кападокија и Анатолика.[235] Тоа бил последен воен подфат на Исток превземен за време на владеењето на Василиј I.

Иако Арабјаните за време на Василиј не ја преминале воспоставената граница, меѓутоа, таа граница веќе била на византиска територија и на Царството не му обезбедувала заштита од наездата на арабјанската коњаница. Во овој период Египет и Сирија подпаднале под власта на египетските Тулиниди, и сѐ до 905 год., претставувале една држава. Станало повеќе од потребно да се побараат локални сили кои Царството би ги искористило како штит против Арабјаните. Василиј во тој поглед бил потполно свесен за ситуацијата, за што доказ се  и односите кои биле воспоставени со Ерменија. Во Ерменија се издигнала династијата Багратиди, а на ерменскиот владетел Ашот I му била призната кралската титула, како од византикиот цар, така и од калифот (во 885, односно 887 год.).[236]

[233] Острогорски Г., Историја на Византија, 295.
[234] Успенски Ф., Историја византиског царства, 185.
[235] Исто, 186.
[236] Острогорски Г., Историја на Византија, 291.

Во западниот дел на Средоземното море, Царството располагало со цврсти упоришта и пристаништа во Грција, Јужна Италија и дел на Сицилија, преку кои можело да го одржува политичкото влијание. Наспроти ова, во неговиот источен дел, скоро целосно било опкружено со муслимански поседи, така што византиската морнарица била скоро сосема потисната од арабската флота. Овде на Царството му било зададен многу силен удар кога шпанските Арабјани во 825 год го освоиле Крит. Бидејќи располагале со силна поморска флота, критските Арабјани предизвикувале страв и трепет во примоските области на Царството. Во 872 год. продреле до Јадранското море и го опустошиле брегот на Далмација. Дури и островите во Егејското море не биле безбедни од нападите на арабјанските пирати од Крит, а планината Атон опустошела затоа што нејзините жители стравувале од напади на Арабјаните. Иако за време на Василиј I, прочуениот адмирал Никита Ориф им нанел тежок пораз на Арабјаните кај тракиски Херсон, тоа само ги поттикнало своите акции да ги превземат на поодалечени области. Набрзо потоа, околу 880 год. од арабјанските гусари настрадсале западните делови на Пелопонез и блиските острови. Во Саронијскиот залив, византискиот адмирал Никита Ориф остварил смел подвиг, достоен на јунак од бајките. Тој своите бродови по сувоземен пат ги префрлил преку коринтскиот брег и се појавил пред непријателот, кој никако не го очекувла толку бргу и особено не од таа страна. Критските Арабјани во таа прилика претрпеле потполн пораз по што се обврзале дека на царот Василиј I ќе му плаќаат данок.[237]

На критскиот емир му бил потчинет и островот Кипар кој, бидејќи се наоѓал во близина на сириските муслимански поседи, природно служел како посредник меѓу критските и сириските Арабјани и скоро и да оневозможувал било какви придвижувања на Византија во тој правец. Со Кипар всушност заеднички владееле Византијците и Арабјаните: жителите биле поделени помеѓу едните и другите и земјарина плаѓале подеднакво и на Византијците и на Арабјаните. Царот Василиј I го видел големото воено значење на овој остров и користејќи ги симпатиите на

[237] Исто, 187.

локалните жители - христијани, успеал да загосподари со Кипар и во него да го воведе византиското тематско уредување околу 878 год.[238]

## III.3 Јужна Италија повторно под византиска власт

По поделбата на империјата на Карло Велики со Верденскиот договор во 843 год. (со која се удрени темелите на идните држави Франција, Германија и Италија), во Италија се развиле три историски области: Северна, Средна и Јужна Италија кои имале различни политички карактеристики. Во Северна Италија постојано се бореле за превласт неколку херцогства, во Средна Италија господарела Папската држава, додека Јужна Италија и Сицилија сеуште биле под власта на Византија.[239]

Во времето на стапувањето на Василиј I на престолот, најпрво вниманието му било привлечено од европските поседи. Тие станале цел на неговото интересирање откако Арабјаните ја стекнале својата позиција во Јужна Италија и Сицилија и по вовлекувањето на Северна и Средна Италија во сферата на политиката на Каролинзите. Интересно е тоа што тука се судирале интересите и на Западната и на Источната Империја, бидејќи и за едната и за другата од првостепено значење било муслиманското прашање но, ни западниот ни источниот император не биле во состојба да ја скршат поморската моќ на муслиманите. Суштинска препрека за склучување на цврст сојуз помеѓу империите, за кој преговорите не се симнувале од сцена, била, во старите претензии на Источното царство на исконските поседи во Јужна Италија, што не можело да ги жртвува. Сепак, чукнал часот кога и двете Империи, кои Арабјаните почнале подеднакво да ги загрозуваат, морале да превземат мерки за взаемна заштита. Зафатено со одбраната на преостанатите поседи на Сицилија, Византиското царство морало да се задоволи само со формална власт над оние вазални кнежества и градови во Јужна и Средна Италија над кои сеуште се простирала сферата на неговото влијание. Станува збор за Неапол, Гаета и Амалфиј.[240] Меѓутоа, Византија во тој поглед имала сериозни соперници во наследниците на Карло Велики, кои

[238] Исто, 187-188.
[239] Аџиевски К., Петровски Б., Историја на Европа во раниот среден век, 130.
[240] Успенски Ф., Историја византиског царства, 95.

настојувале да воспостават врска со византиските вазали и нивните интереси да ги ускалдат со интересите на Франечката империја. На Каролинзите им тргнало од рака и, преку исконското непријателство помеѓу јужноиталијанските кнежестава, ги вовлекувало во различни политички комбинации, што пак, давало прилика час на Византијците, час на Арабјаните, час на Франките да се зацврстат во земјата.

Од средината на IX век учество во понатамошната судбина на Италија започнува да завзема синот на Лотар, Лудвиг II. Кога по смртта на Лотар (855 год.) се здобил со императорската круна, Лудвиг своето внимание го насочил кон Италија.[241] Тој бил првиот западен император кој остро го поставил прашањето за непосредно потчинување на Италија, што секако наишло на силен отпор од полузависните лангобардски кнезови, кои се чувствувале загрозени од ваквите претензии на каролинзите. Додека Лудвиг II ја трошел силата за зацврстување на своето влијание во Рим, наидувајќи на отпор на римскиот епископ и на ситните кнежевства, Арабјаните станувале се поуспешни.

Арабјаните повеќе не правеле само пустош, туку започнале со воено освојување на Апулија и колонизација. Така земјата помеѓу Тарент и Бари во потполност била под власта на Арабјаните, а Бари од 841 год. бил муслиманска престолнина, силна колку и Палермо на Сицилија. Султанот на Бари владеел со 24 утврдувања и негова цел била од багдатскиот калиф да добие инвеститура за освоените територии. Јужноиталијанските Арабјани биле страв и трепет за христијанското население, бидејќи превземале пљачкашки походи во Беневент и Салерно. Во 858 год. влегле во Кампанија и потполно ја опустошиле областа на Неапол, а земале и голем откуп од манастирот Монте-Касино. И покрај овие околности, лангобардските кнезови на Салерно и Беневент не само што не пружиле помош на Лудвиг, туку склучиле и посебни договори со Арабјаните и им доставувале намирници и пари.

Лудвиг решил да го нападне разбојничкото гнездо во Бари во 866 год. Но, со оглед дека и овој пат раздорот помеѓу лангобардските кнезови го довеле Лудвиг во крајна неприлика, го натерале да го прекине своето напредување за да ја обезбеди покорноста на војводите од Сполето, Капуа и Беневент. Тој дури наредната 867

[241] Аџиевски К., Петровски Б., Историја на Европа во раниот среден век, 135.

год. бил во можност да се приближи на земјата која ја запоседнале Арабјаните. Освоил неколку важни утврдувања кои господареле над апулиската долина и со тоа создал поволни услови за поход кон Бари. Но, одеднаш Лудвиг се вратил во Беневент за да собере нови сили, затоа што војската му страдала од неповолната клима, дезинтерија и инсекти. Тогаш, чувствувајќи дека не располага со доволно средства за успешна војна со Арабјаните, западниот император решил да ги обнови преговорите со византискиот цар за склучување на сојуз и заедничка акција во Јужна Италија.[242] Византиските поседи во Јужна Италија, кои по арабјанските освојувања биле крајно ослабнати и територијално ограничени, во тоа време барале посебни мерки на одбрана. Интересите на Западната и на Источната империја овде многу се надополнувале. Доволно е да се каже дека во времето на доаѓањето на престолот на Василиј Македонецот, од големите градови во Сицилија под власта на христијаните била единствено Сиракуза, додека во Јужна Италија под сферата на влијание на Царството останал уште само Отранто.

Арабјаните од Сицилија од 839 год. започнале да ги прошируваат нападите и кон брегот на Далмација. Во 866 год. Арабјаните го нападнале Дубровник, кој во тоа време бил најдобро утврдена точка на далматинското крајбрежје. Дубровник иако бил во состојба да се одбрани од непријателот, сепак стравот од Арабјаните ги натерал дубровничаните да се обратат за помош во Цариград. Арабјаните, не дочекувајќи го доаѓањето на византиската флота ја кренале опсадата и го напуштиле брегот на Далмација.[243] Но, Арабјаните не се ограничувале во нивните напади и во 869 год. тие ја завземале Малта.[244] Малата била освоена од гусари чиј центар се наоѓал во Тунис и со својата добро опренена флота, почнувајќи од 827 год., ги пљачкале бреговите на денешна Италија, Франција, Корзика, Сицилија и Сардинија.

Појавата на византиската флота во водите на Јадранот во почетокот на 868 год. била проследена со многу важни последици, не само во смисла на обновување на политичкото влијание ви Источното царство во овие области, туку и во поглед на работите во Јужна Италија. Веќе видовме дека токму во тоа време императорот

---

[242] Успенски Ф., Историја византиског царства, 97.
[243] Поопширно в. 54-60.
[244] Hiti Filip, Istorija Arapa, Sarajevo 1967, 545.

Лудвиг II тргнувајќи на југ во поход против Арабјаните, дошол на идеја за зближување со Источното царство со цел истовремен напад на Бари, тогашното гнездо на арабјанските ограбувачи. Царот Василиј I, пак, од првиот ден на своето владеење  кон римскиот престол се однесувал миролубиво и поради тоа го жртвувал патријархот Фотиј но, сепак не можел со воодушевување да гледа на походот на Лудвиг II кон областите кои се граничеле со византиските поседи во Јужна Италија. Сепак, за да ја оттргне опасноста од Арабјаните и за да му угоди на папата, бил спремен да влезе во преговори и во сојуз со Лудвиг. Во почетокот на 870 год., додека в Константинопол се затворал Вселенскиот собор, кој за цел имал обновување на добрите односи помеѓу Источната и Западната црква, во престолнината се наоѓале и тројца пратеници на Лудвиг. Еден од нив бил и Анастасиј Библиотекар, кој се познавал со Кирил и Методиј, кои во тоа време биле во Рим. На ова пратеништво му било наложено да предложи сојуз против муслиманите и да договори брак помеѓу синот на Василиј, Константин и ќерката на Лудвиг, Ирменгарда.[245] Чинот на постигнување на политички договор против муслиманите бил во врска со дејствата  на флотата предводена од Никита Ориф, која обезбедувајќи го далматинското крајбрежје од Арабјаните, требало да тргне кон Јужна Италија за да ја поддржи војската на Лудвиг II. Меѓутоа, кога адмиралот Ориф видел дека неговите нови сојузници, не само што биле бројно помали отколку што му било кажано, туку и пијани, веднаш побарал да се види со Лудвиг и не трудејќи се да го сокрие својот презир му се обратил со „крал на Франките“. Лудвиг се побунил и дошло до бурна препирка, по која Никита и поголемиот број на бродови се вратиле во Цариград, додека пратеништво на Франките тргнало веднаш зад нив. Кога пратениците биле пуштени пред Василиј I , не го криеле гневот на својот господар, истовременно нагласувајќи го неговото право не само на титулата на цар на Франките, туку и на друга, многу позвучна, онаа која Византијаците не ја дале дури ни на Карло Велики: Imperator Romanorum, цар на Ромеите.[246] Спорот помеѓу Василиј и Лудвиг не донел ништо друго освен жолчна преписка за правото на титула, околу која и двете страни се поупорно се држеле до

[245] Успенски Ф., Историја византиског царства, 99.
[246] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 97-98.

своите ставови. Ставањето на Бугарија, пак, под јуриздикција на Цариград било доволна причина за нарушување на односите со папата. И така во рок од само неколку недели Василиј I против себе ги свртел сојузниците на кои сметал.

И покрај неуспешниот прв обид, западниот император не се откажал да го завземе Бари, што на крај му успеало во февруари 871 год.[247] Градот бил освоен на јуруш, бил добиен голем плен, а бил заробен и султанот на Бари. Тешко е да се оцени уделот на византиската флота во овој потфат но, самото нејзино присуство во водите на Јадранското и на Јонското море гарантирло успех на копнените операции против Бари, бидејќи, Арабјаните од Сицилија биле спречени да им пружат помош на нивните јужноиталијански сонародници. Бидејќи и двајцата императори го полагале своето право над Јужна Италија, понатамошно заострување на односите помеѓу нив можело да доведе и до отворен судир. Многу е тешко да се проникне во сите интриги кои влијаеле за развојот на ситуацијата но, не е спорно дека источниот цар имал свои приврзаници по цела Јужна Италија, дури и во Рим, и дека лангобардските војводи биле наклонети на Византија. Така во Јужна Италија била скована завера против Лудвиг II, која била предводена од војводата од Беневент, Адалгиз. Во август 871 год. Лудвиг бил заробен и цели два месеци бил држан во затвор. Бил ослободен откако се заколнал над евангелието дека никогаш повеќе нема да влезе со оружје на територијата на војводството Беневент. Таков бил исходот од походот на западниот император чија цел била ослободување на Италија од Сарацените. По тоа неговата моќ почнала да опаѓа, поради што се повлекол на север, каде што во 875 год. починал во близина на Бреш, а зад себе не оставил машки наследник.[248] По смртта на Лудвиг, византискиот цар добил одврзани раце да го обнови ослабнатиот авторитет и да ги поддржи своите верни пријатели. Тој повеќе не бил попречуван од западниот император, чии политички планови, иако упатени кон намалување на муслиманската моќ во Јужна Италија и на Сицилија, никако не биле во скалд со намерите и интересите со византиската империја.

[247] Острогорски Г., Историја на Византија, 190.
[248] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 98.

Иако по тргањето на Лудвиг од Јужна Италија, царот Василиј I бил приморан целото свое внимание да го насочи кон истокот, развојот на ситуацијата во Италија сепак бил во полза на Византија. Позицијата за која цврсто се држел западниот император: „Моја е тврдата земја, а ваше е морето“, била потполно неспоива со плановите на византискиот цар, кој на своја страна имал силни адути. Беневентскиот војвода се ставил под покровителство на Византија и потполно се ставил на страната на Василиј I. Во Јужна Италија интересите на Царството ги штител патрикиј Григориј, кој таму ја имал функцијата на стратег. Неговиот центар бил Отранто, а негова задача била да ги обедини лангобардските кнежества и да ги придобие на византиска страна. После Аделхиз лангобардските кнежества одлучиле да се приклучат на византиска страна и на 25 декември 876 год. го предале Бари на стратегот Григориј.[249] Тоа бил огромен успех на царот Василиј кој му обезбедил превласт во Јужна Италија. Византија сега, од една страна, имала цврсти позиции на копно и на море, а од друга страна, можела да се подпре на градовите во далматинското приморје, кои и биле потчинети.

Византиските позиции сериозно биле загрозувани од муслиманите, кои по смртта на Лудвиг II, повторно се спремале да почната офанзива. Најзагрозени биле византиските поседи на Сицилија. На источниот брег на островот Царството сеуште држело исклучително важни стратешки точки: Сиракуза и Таормина. Благодарение на морските пристаништа во овие градови, Византијците и понатака господареле со Месинскиот мореуз и Калабрија. Арабјаните одлучиле да го превземат сето море за да им го одземат и последното упориште на островот на Византијците. Здружувајќи ги флотите од сицилијански и африкански галии во август 877 год. започнала опсадата на Сиракуза и од копно и од море.[250] Ако се има в предвид политичкото и воено значене на градот, како и отпорот кој тој го пружил, тешко е да се разбере зошто царот Василиј I не ги превземал сите потребни мерки за негова одбрана. Во тоа време царската флота повеќе не била под заповедништво на прочуениот адмирал Ориф, а новиот адмирал Хадријан, судејќи по сè, не ги поседувал квалитетите на својот предходник, бидејќи во Јужна Грција,

[249] Успенски Ф., Историја византиског царства, 111.
[250] Исто, 112.

во пристаништето Монемвасиј, изгубил премногу време исчекувајќи поволен ветер. Но, сепак треба да се каже дека вината за одолговлекување на пратената флота ја сноси самиот цар, кој во тој период се занимавал со превземање на градежни активности.[251] За тоа време, оние кои се нашле под опсада поднесувале невидени страдања поради недостаток на намирници, чии залихи се истрошиле за време на долготрајната опсада, иако не губеле надеж дека ќе им стигне помош. На крај и утврдените градски ѕидини почнале да попуштаат под дејство на поткопување и артилерија. Кога дел од бедемот се срушил и кога Арабјаните сите свои сили ги усмериле на таа ослабната точка, судбината на градот била запечатена. Утрото на 21 мај 878 год. муслиманите упаднале во градот и без милост тргнале да палат и да рушат се пред себе.[252] Поголемиот дел на жители биле убиени, а приличен број бил одведен во заробеништво. Заробените биле одведени во Палермо и таму останале во строг затвор се додека во 855 год. нè ги откупила царската власт.[253] Флотата под команда на Хадријан, која во тоа време чекала во Монемвастиј, се упатила кон Константинопол но, заповедникот на флотата немал храброст да излезе пред очите на царот, туку својот спас го побарал во храмот Св. Софија.

Арабјанската опсада и падот на Сиракуза силно се одразил на понатамошната западна политика на царот Василиј I. Станало јасно дека царството не располага со доволна поморска сила за борба со сицилијанските и африканските Арабјани. Освен тоа, ситуацијата на источната граница постојано го одвлекувала вниманието на Царството на другата страна. На Сицилија под власта на Царството останале само Таормина и Катанија, кои сега станале главна мета на муслиманските напади. Но, во главно, имало помали судири кои се сведувале на пљачкашки напади. Се додека адмиралот Никифор Фока не бил упатен во Италија, воените судири не секогаш завршувале со победа на царската војаска. Никофор Фока успеал да ја воспостави власта врз целата јужноиталијанска територија и во 885 год. биле создадени две нови теми: Калабрија и Лангобардија.[254] Тој од

---

[251] В. погоре 44-47.
[252] Успенски Ф., Историја византиског царства, 113.
[253] Исто.
[254] Ангелов Д., История на Византия, 52.

освоените области ги протерал муслиманите, со што на жителите во Јужна Италија им влеал доверба во силата и авторитетот на Царот.

*　　　　　　*　　　　　　*

Царот Василиј I можел да се пофали со четири синови: за двајцата најмлади потомци малку се грижел, вториот по ред, Лав, не го сакал многу но, неговиот најстар син Константин, кој му го родила неговата прва жена Македонката Марија, бил зеница на неговото око. Исклучително згоден, Константин многу личел на неговиот татко; уште како момче прв пат го следел Васлиј во битка јавајќи на бел коњ под златен оклоп.[255] Како совладетел бил крунисан 869 год.[256] и ако договорот не се изјаловил, можел да се ожени со ќерката на Лудвиг II и на тој начин да ги обедини под своја власт Источното и Западното царство. Се укажувало на тоа дека со текот на времето, можел да стане моќен владетел исто како што бил и неговиот татко, а можеби и поголем од него. И тогаш, ненадејно, во почетокот на септември 879 год. бил мртов.[257] Околностите под кои починал не се познати но, Василиј од тој удар никогаш не се опоравил.

Од тој момент Василиј I почнал да се повлекува во себе и од време на време паѓал во длабока депресија, кои се завршувале со неконтролирани испади. Во такви моменти само еден човек можел да го скроти: Фотиј. Тој се обидувал да го успокои растроениот цар држејќи служби за покој на душата на Константин. Кога и тоа веќе не било доволно, Фотиј и неговиот пријател, Теодор Сантаварен, архиепеископ Евхаитски, извеле претстава со која го навеле Василиј да поверува дека ја гледа сенката на синот во златен оклоп, со копје во рака и на бел воен коњ но, кога се обидел да го прегрне сè исчезнало.[258]

Се што превземал патријархот имало една цел: да го спречи стапувањето на престол на вториот син на Василиј, законитиот наследник Лав. Не ги знаеме точните причини за тоа. Лав бил премногу окупиран со жени, неговата врска со убавата Зоја Заусец веќе предизвикувала озборување но, тоа не го оправдувало

[255] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 102.
[256] Острогорски Г., Историја на Византија, 286.
[257] Исто, 295.
[258] Norič Dž. Dž., Vizantija Vrhunac, 102.

мислењето дека тој не би бил добар василевс. Кога Лав имал шеснаесет години го ожениле, против негова волја, со непривлечна девојака по име Теофано, која се оптоварувала со својата побожност,а тој одрекнувал да ја прекине врската со Зоја. Теофано се пожалила на Василиј, кој побеснал и го прететепал синот. Зоја била протерана од престолнината и омажена. Во меѓувреме, патријархот продолжил да влијае на царот, користејќи ја секоја прилика да го оцрни Лав, наговестувајќи дури и за завера и предавство. Младиот принц дури бил уапсен и затворен без судење, едвај одбегнувајќи да биде ослепен. Останал во затвор три месеци, по што татко му неволно го ослободил. Останало нејасно како се ослободил од обвинувањето, додека самиот Лав тоа милосрдно дело го препишувал на пророкот Илија.[259] Најверојатно, Василиј I попуштил под притисокот на јавното мислење, затоа што Лав бил многу омилен надвор од тесниот семеен круг и никогаш не бил обвинет за некакво злодело.

Во текот на тие несреќни последни години од животот, Василиј своето олеснување го наоѓал во ловот и токму во лов кај Арамеја, во близина на неговиот селски двор, летото 886 год, ја нашол и смртта. Тргнувајќи по еден голем елен, тој се одвоил од својата придружба но, еленот нагло се свртел и тргнал на јавачот, го закачил со роговите во пределот на појасот и го исфрлил од седлото. Потоа еленот јурнал кон шумата и беспомошниот цар, чиј појас се заплеткал во роговите, го одвлекол со себе. Со многу напор луѓето од неговата свита успеале да го пронајдат. Еден од војниците со меч го пресекол појасот за кој се закачил еленот со неговите рогови. Потоа Василиј I бил пренесен во дворецот каде било утврдено дека имал обилно внатрешно крварење. После девет дена агонија, умрел на 29 август 886 год.[260] Василиј I бил наследен од неговиот, можеби не најомилен син, Лав VI Мудриот, кој само формално го делел престолот со неговиот помал брат Александар. Лав VI веднаш по доаѓањето на престолот го отстранил Фотиј, кој конечно исчезнува од историската сцена, а за патријарх го поставил својот најмал брат Стефан. Така, барем за кратко, најважните функции во царството биле во рацете на семејството на Василиј Македонецот.

[259] Успенски Ф., Историја византиског царства, 168.
[260] Острогорски Г., Историја на Византија, 295.

Василиј многу успеал да постигне во својот живот и од еден обичен селанец станал господар во царството на Ромеите. И не само што господарел со него, туку успеал да постигне и многу повеќе: богатството со кое Царството се стекнало, неговите воени победи, смирувањето на верските расколи, ревизијата на правото, политичката стабилност, уметноста и науката кои ги поттикнувал, величенствените зданија со кои ја разубавел престолнината, а особено големиот углед кој Византија го обезбедила и на Исток и на Запад, што е достојно за почит и восхит.

# Заклучок

Проблематиката која ја разгледуваме овде, животниот пат на Василиј I Македонецот ја започнавме со навраќање кон основањето на темата Македонија од која потекнувал Василиј и по која го добил и епитетот со кој останал запаметен во историјата. Утврдено е дека Темата Македонија била основана околу 800 год., со центар во Адријанопол (Одрин), за времето на самостојното владеење на императорката Ирина. Но, главниот проблем се јавува за територијата на која е настаната темата. Имено, таа се наоѓала на територијата на некогашна Тракија и поради тоа, во делата постојано се повторува дека тоа е Македонија во Тракија и поради тоа Василиј го немал правото на епитетот Македонец, односно во него немал ништо македонско. При тоа се занемарува фактот дека населението кое било по потекло од пределите на старата провинција Македонија и бегало пред налетот на Словените својата заштита ја барало во големите градови, како што бил Солун и на сигурните места околу престолнината, односно во Тракија. Населението таму се здобило со стратиотски поседи и со задача воено да ја брани територијата на која било населено. Во средновековието означувањето на населението според провинцијата го покажувало неговото регионално потекло. Како што се движело населението, така и топонимите се „движеле“ заедно со него. Набрзо по основањето на темата Македонија, во 813 год. таа била освоена од бугарскиот владетел Крум и истото тоа население било преселено преку Дунав. Таму населението себе си се нарекувале Македонци. Меѓу тоа население биле и родителите Василиј.

Изворите не нѐ известуваат точно за најран животен период на Василиј. Тие прво ни кажуваат дека тој е роден во времето на Михаил Рангабе, околу 813 год., а потоа кога го опишуваат неговото пробивање до највисоката функција го опишуваат како силен и убав млад човек. Тој опис одговара на човек од дваесетина години, а не на човек од четириедет годишна возраст. Доколку тој бил бебе во 813 год., кога дошол на власт имал 54 години, според што произлегува дека умрел на 74 години – што е тешко за верување. Затоа ние мислиме дека е поприфатливо враќањето на Василиј во татковината да било во 836 год., а тој бил само дете (како

што е опишан во изворите) од околу 6 години. Според тоа, тој би бил роден околу 830 год., а кога дошол на власт би имал 37 години – способен да војува и да создава.

Кај историчарите постојано се провлекува тврдењето дека Василиј иако бил роден во темата Македонија, неговото потекло било ерменско. Тоа се објаснува со тоа што, во изворите како негови претци се наведени Аршакидите од Ерменија. Но, акциите кои тој ги спроведувал воопшто не алудираат кон тоа. Напротив. Ја поддржувал црквата во борбата против еретиците – павликијани од Арменијака и војувал против нив. И најзначајниот факт е чувството (денес правото) на самоопределување: тој самиот себе си се нарекувал Македонец, а не Ерменин. А тоа што неговиот внук Константин VII Порфирогенит навел дека тој е по потекло од Александар Македонски, Константин Велики и Аршакидите од Ерменија се објаснува со правото на носење на царската круна и прикрвање на неговото вистинско потекло – селанец од околината на Одрин.

Откако Василиј се вратил во татковината, краток период бил во служба кај стратегот на Македонија. Потоа го продолжил својот пат кон престолнината. Кога стигнал во Константинопол, решил да одмори пред портите на манастирот Св. Диомед. Оттогаш неговиот пат го водел само кон издигнување. Стапил во служба кај Теофилица - роднина на царот Михаил III, како дворски коњушар. Среќата му била наклонета на младиот Василиј. Кога царот Михаил III никако не успевал да скроти еден коњ, неговиот роднина му предложил коњот да го скроти неговиот главен коњушар Василиј. Василиј тоа го направил без никаков проблем, а наградата за тоа му било функцијата протостратор. Потоа Василиј во 856 год. дошол до местото на Хетаир, а во 862 год. ја добил значајната позиција на Паракимомен. Царот Михаил III имал голема доверба во Василиј, му ја дал титулата на патриције и го оженил со својата љубовница Евдокија Ингерина но, изгледа дека Василиј пресметано ја покажувал својата потчинетост. Паракимоменот Василиј сковал план како да го отстрани семоќниот Кесар Варда – вујкото на Императорот. Василиј во тоа бил поддржан од самиот цар Михаил III и во 866 год. несрекниот Кесар бил убиен пред очите на својот внук. Василиј бил богато награден за овој чин: бил издигнат во рангот на Магистер, посвоен од

Императорот кој немал деца и на 26 мај 866 год. прогласен за совладетел. Сега на Василиј му останало да превземе уште еден чекор и да дојде до самостојна власт. По прославата во дворецот Св. Мамас, откако Михаил III заспал, Василиј влегол во неговата соба заедно со осум заговорници и ноќта помеѓу 23 и 24 септември 867 год. го убиле Михаил. Василиј Македонецот сега станал император и веднаш ја крунисал неговата жена Евдокија за Августа. Набрзо потоа, последователно ги крунисувал и неговите синови за совладетели, со цел да го обезбеди престолот за своите наследници.

Личност која го оставила својот печат во периодот на владеењето на Василиј I Македонецот е секако патријархот Фотиј. Почетокот на владењето на Василиј I бил всушност продолжеток на судирот помеѓу патријарсите Игнатиј и Фотиј. Од овој судир како победник излегол Фотиј. Неговата победа не била само над Игнатиј туку и над римската курија - издигнувајќи ја цариградската патријаршија на рамноправно скалило со неа и ширејќи го христијанството кај балканските пагани по источен образец. Големата мисија на светите браќа Кирил и Методиј била извршена под покровителство на големиот Фотиј. Воените успеси на Византија биле надополнети со прифаќањето на христијанството од бугарскиот влдетел Борис и неговиот народ.

Кога Василиј дошол на престолот, прво што направил било отстранувањето на Фотиј, со цел да ги смири страстите со Рим. Но, всушност Василиј продолжил онаму каде што Фотиј застанал – Бугарија добила своја црква, под јуриздикција на Цариградската патријаршија. Василиј, кој самиот го тргнал Фотиј, по смртта на патријархот Игнатиј, го вратил на старата висока функција. На еден од најзначајните собори во историјата на Црквата, одржан во Константинопол 880 год, генијалниот Фитиј успеал во еден здив да постигне неколку цели: да биде прифатен од папските легати, Константинопол и Рим да бидат со иста моќ во христијанскиот свет и да биде официјално прифатена Никејската догма, односно да биде отфрлено Filioqve-то кое сакала да го наметне западната црква. Фотиј ја задржал својата висока положба сè до крајот на владеењето на Василиј I. Кога престолот го наследил неговиот ученик Лав VI, Фотиј веднаш изгубил се што имал, по што и му се губи трагата од историјата.

Василиј I лесно успеал да вклопи во неговите нови животни околности. Следејќи ги традициите на еден од најголемите владетели на византиската империја, Јустинијан I, Василиј I сакал да остави свој белег во градот на Константин Велики. Тој обновил, доградил и разубавел многу храмови во престолнината. Василиј обновил еден дел од палатата, познат како Кенургионот каде вообиччаено престојувал. Главна задужбина на Василиј I била прочуенета Нова Голема Црква, чие осветување на 1 мај 880 год. станало нов празничен ден во престонината. Во неа била и еднистветата фреска на Василиј пред која секоја година царевите палеле свеќа, а патријархот бил само гостин на свеченоста. Со тој чин Василиј успеал да создаде еден нов императорски култ.

Следејќи ги стапките на Јустинијан I, Василиј I се зафатил со обновивање и „Чистење на старите закони“. Всушност главното дело било обнародено за време на владеењето на неговиот син Лав VI, прочуените „Василики“ во 60 томови. Од времето на Всилиј биле сочувани два законици: Прохирон и Епанагога. Прохиронот бил објавен помеѓу 870 и 879 год., се состел од 40 глави во кои биле опфатени најважните одредби на граѓанското и јавно право. Прохиронот всушност бил Прирачник за практична употреба, кој стекнал голема популарност во Византија но, и кај Јужните и кај Источните Словени, каде бил познат како „Градски закон“. По 879 год. бил составен вториот Василиев законик, Епанагога но, не е сигурно дали Епанагогата е објавена како официјален законик или претставувала само неофицијален нацрт. Новина на Епанагогата биле одредбите за правата и должностите на царот и патријархот каде влијанието на Фотиј е препознатливо. Според Епанагогата, државно-црковниот организам претставува идеално единство, над кое се издигнуваат царот и патријархот, кои како поглавари на вселанета, се грижеле за благосостојбата на човештвото: световниот поглавар се грижел за материјалното, а духовниот за нематеријалното богатство на поданиците, што важело како идеал во Византија.

Византија во приодот на владењето на Василиј успеала да ја зајакне и прошири својата реална власт. Арабјаните кои постојано притискале од сите страни на нејзината територија, Василиј успеал да ги скроти. По нивниот напад на Дубровник во 868 год. и повлекување по појавата на византиската флота под

ѕидините на градот, Византија го покажала својот авторитет со наметнување на власта над словенските племиња во тој дел од Балканот и била формирана темата Далмација. Создавањето на темата Далмација влијаело да се засили и духовното влијание на Византија. Била засилена христијанизацијата кај Хрватите и Србите, како продолжување на мисијата на браќата Кирил и Методиј. Кај Србите во овој период се јавуваат и првите христијански имиња на владетели, што покажува од која страна доѓала поддршката при владеењето.

Паралелно со зајакнувањето на власта на Балканот, Василиј I војувал и на истокот. Таму борбите не му биле насочени само против Арабјаните, туку и против павликијаните. Павликијаните биле мошне јака „секта" која своите корени ги имала во темата Арменијака. Тие во содејство со Арабјаните постојано напаѓале на територијата на Византија. По уривањето на нивната тврдина Тефрика во 872 год., Византија им нанела силен удар на павликијаните, од кој тие никогаш не успеале да се опорават. По победата над павликијаните, Василиј I го продолжил својот поход, овој пат против муслиманите. Веќе наредната 873 год. ги освоил големите утврдени градови Запетра и Самосата на Еуфрат. Всушност негова главна цел било освојувањето на Мелитина но, иако се обидел во неколку наврати, таа цел не ја остварил.

Византија во времето на Василиј I успеала да ја зајакне својата флота и така да стане достоен противник на арабјанските пирати од Крит. Прочуениот адмирал Никита Ориф успеал да им нанесе голем пораз и да ги принуди критските Арабјани да и плаќаат данок на Византија. Василиј I искористувајќи ја благонаклоноста на христијанските жители, успеал да го воведе византиското тематско уредување на Кипар околу 878 год. и со тоа да ги прекине врските помеѓу критските и сириските Арабјани.

Арабјаните биле опасност и за Јужна Италија во која се судирале интересите и на Источното и на Западното царство. И покрај таа опасност, договорите за соработка против заедничкиот непријател секогаш оделе тешко. Кога Лудвиг II му предложил на Василиј I заеднички напад на Бари – муслиманската престолнина во Јужна Италија, овој прифатил и го зголемил влогот со брак помеѓу нивните деца. Но, планот воопшто не ни заживеал: Византијците кога требало да стапат во акција

се повлекле затоа што процениле дека нема доволно војска од другата страна. И сè се завршило со остра преписка помеѓу двете страни и тоа за правото на носење на титулата Император. Лудвиг II успеал сам да го освои Бари во 871 год. Иако на почетокот изгледало дека Византија останала со празни раце, таа по смртта на Лудвиг II Германски, успеала да издејствува Бари да се предаде на нејзиниот штитеник, стратегот Григориј. Загубата на Бари, Арабјаните ја компензирале со освојувањето на моќната византиска тврдина Сиракуза во 878 год. во Сицилија. Византија сепак успеала да ги зацврсти своите позиции во Јужна Италија со создадавањето на двете нови теми: Калабрија и Лангобардија во 885 год.

Василиј I сите свои надежи за иднината на династијата ги имал насочено кон неговиот најстар син и љубимец, Константин. Затоа тој бил скршен од болка по неговата ненадејна смрт во 879 год. Со неговиот син Лав, кој требало да го наследи, имал недоразбирање и недоверба. Тој необјаслив судир го довело Лав и во заточеништво, од кое за кратко излегол. Василиј своето смирување го барал во ловот. Во еден таков лов тој ја нашол и својата смрт: бил несреќно закачен на роговите од еден елен и одвлечен. Царот Василиј I умрел како последица од обилно внатрешно крварење. Престолот го наследил неговиот син Лав VI кој го продолжил владеењето на македонската лоза.

# <u>Извори и литература</u>

Извори:

1. Византиски извори за историју народа југославије, Том 3, Београд 1959.
2. Дукументи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Скопје 1981.
3. Иванов Йордан, Български старини из Македония, БАН 1970 (фототипно издание).
4. Извори за българската история, ГИБИ том II , София 1964.
5. Извори за българската история, ГИБИ том III , София 1964.
6. Извори за българската история, ГИБИ том IV , София 1964.
7. Извори за българската история, ГИБИ том V , София 1964.
8. Извори за българската история, ГИБИ том VII , София 1964.
9. Извори за българската история, ЛИБИ том VII , София 1964.
10. Кесариски Прокопиј, Тајната Историја, Скопје 2007.
11. Константин Баграянородный, Об управлении имперей, текст, превод, кометнарий под редакцей Г.Г. Литварина и А.П. Новоселцева, Москва 1989.
12. Миловска Добрила, Таковски Јован, Македонски житија IX – XVIII век, Скопје 1996.
13. Продолжателъ Феофана, Жизнеописаная византийских царей, Санкт Петербург 1992.
14. Сведоштва за Кирил и Методиј, избор на Угриновска-Скаловска Радмила и Басотова Љубинка, Скопје 1989.
15. Теодоров-Балан А., Кирил и Методи, том I, София 1920.
16. Constantin VII Porphyrogénéte, Le livre des céremonies, II, commentarie par Albert Vogt, Paris 1940.
17. Constantino Porfirogenito, De Tematibus, a cura di A. Pertusi, citta del Vaticano 1952.
18. Continuatus Teophanes, Scriptorum Historiae Byzantinae, libri V, Bonnae 1838, (електронско издание)

Литература:


1. Ангелов Димитър, Богомилството, София 1993.
2. Ангелов Димитър, Византия-духовна култура, София 1994.
3. Ангелов Димитър, История на Византия, т. II, София 1968.
4. Атанасовски Александар, Византиискиот модел за разрешување на конфликти, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, книга 61, Скопје 2008.
5. Аџиевски Коста, Петровски Бобан, Историја на Европа во раниот среден век, Скопје 2009.
6. Бакалов Георги, Византия, София 1999 – Век 22.
7. Божилов Иван, Гюзелев Васил, История на средновековна България VII-XIV век, София 1999.
8. Бухволд Волвганг, Холвег Армин, Принц Ото, Речник грчких и латинских писца антике и средњег века, Београд 1984.
9. Васильев А., Происхожденіе императора Василія Македонянина, Византийскй Временикь, томь XII, Императорской Академіи Наукь, Санктпетербургь. (електронско издание)
10. Василевски Тадеуш, България и Византия IX-XV век, София 1997.
11. Георгиева Петковска Вера, Византиска филозофија, Скопје 2001.
12. Драгојловић Драгољуб, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, Београд 1974.
13. Дил Шарл, Византиске слике, т. I, Београд 1927.
14. Заров К. Иван, Византиската естетика и средновековниот живопис во Македонија од XI и XII век, Скопје 2003.
15. Живковић Тибор, Јужни Словени под византиском влашћу, (600-1025), Београд 2002.
16. Златарски Васил, История на българската държава през средните векове, т.I, София 1994.
17. Јогиќ Ватрослав, Кирил и Методиј и нивните ученици, Скопје 1954.
18. Кавало Гуљелмо приредио, Византијци, Београд 2006.

19. Каждан А.П., Василики как исторический источник, Византийский временик, том XIV, Академя наук СССР, Москва 1958.
20. Каплан Мишел, Византија, Београд 2007.
21. Коледаров Ст. Петар, Името Македония в историческата география, София 1985.
22. Коледаров Ст. Петар, Образуване на тема „Македония“ в Тракия, БАН Известия на института за история, т.21, София1970.
23. Максимовић Љубомир, Покрштавање Срба и Хрвата, Зборник радова византолошког института XXXV, Београд 1996.
24. Максимовић Љубомир, Структура 32. главе списа De administrando imperio, Зборник радова византолошког института 21, Београд 1982.
25. Меловски Христо, Проева Наде, Македонија во делото De Thematibus на Константин VII Порфирогенит, сп. Жива Антика 37, Скопје 1988.
26. Николов Н. Георги, Централизъм и регионализъм в ранносредновековна България, София 2005.
27. Николова Бистра, Устройство и управление на Българската православна црква (IX-XV век), София 1997.
28. Оболенски Димитри, Византискиот комонвелт – Источна Европа 500-1453, Скопје 2002.
29. Острогорски Георгија, Време постанка тематског уређења, сабрана дела, књига треча, Београд 1970.
30. Острогорски Георги, Историја на Византија, Скопје 1992.
31. Острогорски Георги, Постанак тема Хелада и Пелопонез, ЗРВИ 1, Београд 1952.
32. Острогорски Георги, Тактикон Успенског и Тактикон Бенешевича, ЗРВИ 2 (1953) 40-48 = Сабрана дела III , Београд 1970.
33. Панов Бранко, Македонија низ вековите, Скопје 1999.
34. Поповић Јевсевије, Опћа црквена историја, књига I – (до 1054.), Срем. Карловци 1912.
35. Рајковић М., Област Стримона и тема Стримон, ЗРВИ 5, Београд 1958.

36. Станковић Влада, Цариградски патријарски и цареви македонске династије, Београд 2003.
37. Тъпкова-Заимова Василка, Димитров Димитър, Павлов Пламен, Византия и византийският свят, София 2011.
38. Тодоровска Весна, Павликијанството и неговото ширење во Македонија, сп. Историја XLIV 1-2, Скопје 2008.
39. Трайчев Георги, Манастирите в Македония, София 1933.
40. Успенски Леонид, Теологија на иконата, Скопје 1994.
41. Успенски Фјодор, Историја византиског царства, т.II, Београд 2000.
42. Фергула Јадран, Византија и постанак најранијих југнословенских држава, Зборник радова византолошког института 11, Београд 1968.
43. Фергула Јадран, Византиска управа у Далмацији, Београд 1957.
44. Фергула Јадран, Време настанка теме Далмације, Зборник Филозофског факултета 3, Београд 1954.
45. Ферјанчић Божидар, Василије I и обнова византиске власти у IX веку, Зборник радова Византолошког института, XXXVI, Београд 1997.
46. Ферјанчић Божидар, Далмација у спису De Administrando Imperio, Зборник радова Византолошког института, XXIX- XXX, Београд 1991.
47. Hiti Filip, Istorija Arapa, Sarajevo 1967.
48. Хунгер Херберт, Империя на Ново средище – Християнският дух на византийската култура, София 2000.
49. Цоневски Илия, Патрология, София 1986.
50. Ћирковић С., Историја српског народа I, Београд 1981.
51. Щапов Я.Н, Прохирон в восточнославяанской письменности, Византийский временик, том 38, Академя наук СССР, Москва 1977.
52. Bury J.B., A history of the Eastern Roman Empire (A.D. 802-867), London 1912 (електронско издание).
53. Bury J.B., The Imperial Administrative System in the Ninth Century with a Revisted Text of the Kletorologion of Philotheos, London 1911. (дигително издание)

54. Lemerle P., Philippes et la Macédonie orientale à l'époque chrétienne et Byzantine, Paris 1945.
55. Mango Ciril, The Triumphal Way of Constantinopole and the Golden Gate, Dumbarion Oaks Papers 54 (2000).
56. Margetić Lujo, "Provincijalni arhonti" Taktikona Uspenskog (s osobitim obzirom na arhonta Dalmacije), Зборник радова Византолошког института, XXIX-XXX, Београд 1991.
57. Norič Džon Džulijus, Vizantija Vrhunac moči, za Srbiju Evro-Giunti 2010.
58. Stevović Ivan, Byzantium, Byzantine Italy and the Cities on the Eastern Coast of the Adriatic: the Case of Kotor and Dubrovnik, Зборник радова византолошког института, XXXIX, Београд 2001/2002.

# Содржина

Вовед........................................................................................................................2
I. Животниот пат на Василиј Македонецот сѐ до неговото доаѓање на престолот........................................................................................................................6
I.1 Создавање на тема „Македонија“ во областа Тракија..................................6
I.2 Патот на Василиј Македонецот до престолот............................................16
II. Духовно и законодавно издигнување......................................................................32
II.1 Византиската црква во зенитот на својата моќ........................................32
II.1.1 Фотиј – неприкосновениот патријарх..............................................32
II.1.2 Византиското мисионерство кај словенските народи пред доаѓањето на власт на Василиј I......................................................................38
II.1.3 Василиј и Фотиј – две глави од едно тело.......................................47
II.2 Законодавна дејност на Василиј I Македонецот.......................................57
III. Воени и дипломатски дејствија...........................................................................65
III.1 Зацврстување на византиското влијание на Балканот............................65
III.2 Византиско пробивање на исток................................................................72
III.3 Јужна Италија повторно под византиска власт........................................78
Заклучок......................................................................................................................88
Извори и литература.................................................................................................94
Содржина.....................................................................................................................99